# Медиумите и маргинализираните заедници

## Медиумските дискурси и дискриминацијата врз припадниците на маргинализираните групи (корисници на дрога, сексуални работници, ЛГБТ, лица што живеат со ХИВ)

Главен истражувач: **Жарко Трајаноски**
Соработници: **Ирена Цветковиќ и Станимир Панајотов**

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

**Коалиција “Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници”**
Скопје
2011

## *Содржина*


1. Методологија....4

1.1. Цели на истражувањето....4
1.2. Истражувачки прашања ....5
1.3. Методи на истражувањето....6
1.4. Квантитативна анализа....6

2. Лингвистичко идентификување на припадниците на маргинализираните групи....12

2.1. Лингвистичко идентификување на корисниците на дрога и зависниците од дрога....13
2.2. Лингвистичко идентификување на ЛГБТ лицата....16
2.3. Лингвистичко идентификување на сексуалните работници и сексуалната работа....20
2.4 Лингвистичко идентификување на лицата што живеат со ХИВ....24

3. Вклучување/исклучување, позитивно и негативно стереотипизирање, (де)легитимирање....26

3.1. Вклучувачки/исклучувачки стратегии ....27
3.1.1. Сензационалистичко претставување и заплашување ....27
3.1.2. Медиумско игнорирање и маргинализирање....30
3.1.3. Медиумско вклучување....34
3.2. Предикативни стратегии....34
3.2.1 Криминализација на корисниците на дроги и сексуалните работници....34
3.2.2. Патологизација/Депатологизација на хомосексуалноста....36
3.2.3. Стереотипизирање и (де)митологизирање на ХИВ/СИДА....37
3.2.4. Морализирање....38
3.3. Аргументативни и (де)легитимирачки стратегии....39
3.3.1. Сензационалистичко аргументирање за „легализација на проституцијата“....40
3.3.2. Сензационалистички генерализации од индивидуални случаи....41
3.3.3. Во потрага по одговорност за неотворените дневни центри за лекување на зависници...41
3.3.4. Медиумско акцентирање на дискриминацијата врз хомосексуалците....42
3.3.5. Медиумско минимизирање на насилството и делегитимирање на жртвите на насилство на „геј парадата“ во Сплит....43
3.3.6. Легитимирање на борбата против насилството врз хомосексуалците....43
3.3.7. Делегитимирање на метадонската терапија....44
3.3.8. Обид за медиумско легитимирање на хомофобија....44
3.3.9. Медиумско фокусирање врз дискриминацијата и насилството врз трансексуалците....45
3.3.10. Делегетимирање на хомофобијата....45
3.3.11. „Благодарница“ од Јанко Илковски....46

* *Де/легитимација на активизмот и дилемата за интеграција или асимилација –* СтанимирПанајотов....58
Appendix1:Прашањазафокусгрупизановинари....85

# 1. Методологија

## 1.1. Цели на истражувањето

Дел од секојдневните дискриминаторски практики кон припадниците на маргинализираните групи се репродуцираат и во медиумите, било преку текст и говор кој дерогира, навредува или омаловажува, било преку други стратегии за маргинализирање или исклучување од медиумските дискурси. Од друга страна, медиумите произведуваат и дискурси кои настојуваат да ги идентификуваат проблемите во врска со дискриминацијата и социјалното исклучување на припадниците на маргинализираните заедници. Имено, некои медиумски дискурси ги репродуцираат постоечките дискриминаторски практики, а некои, пак, можеме да ги третираме како дел од социјалните практики кои се обидуваат да ја елиминираат дискриминацијата кон маргинализираните групи – како дел од борбата за еднакви човекови права.

„Медиумите и маргинализираните заедници" е истражување на медиумските дискурси, кое има за цел да ја истражи нивната улога во однос на (борбата против) дискриминацијата кон припадниците на маргинализираните групи: корисници на дрога и зависници од дрога, сексуални работници, ЛГБТ, лица што живеат со ХИВ. Како „медиумски дискурси" не ги разбираме само „начините на кои реалноста е репрезентирана во електронските и печатените медиуми", туку и начините на кои реалноста е обликувана од страна на медиумите. Една од основните претпоставки на ова истражување е дека медиумските дискурси имаат моќ не само да ги претставуваат, туку и „да ги обликуваат социјалните практики согласно определени интереси во даден контекст", односно, дека самите медиумски дискурси легитимираат или делегитимираат одредени социјални практики. На пример, некои медиумски дискурси настојуваат да ги легитимираат нехетеросексуалните активности, а други настојуваат да ги делегитимираат; некои медиуми го претставуваат позитивно, а некои негативно лекувањето од зависност од дрога или лекувањето од ХИВ, менувањето на пол, давањето на сексуални услуги за надомест, преоблекувањето во облека што традиционално му се припишува на друг пол итн.



„Медиумите и маргинализираните заедници" е истражување што се обидува да проникне во начините на кои медиумските дискурси ја конструираат „македонската реалност" во поглед на споменатите социјални практики. Притоа, истражувањето ја зема предвид и улогата на медиумите и медиумските работници (првенствено новинарите) во: конституирањето и одржувањето на нееднаквоста; привилегирањето и маргинализирањето на одредени групи граѓани; идентификувањето на потребите и проблемите на припадниците на маргинализираните заедници; борбата против дискриминацијата итн.

## 1.2. Истражувачки прашања

Истражувачите настојуваа да ги опфатат следниве три групи истражувачки прашања:

**1.** Како припадниците на маргинализираните групи се именуваат и посочуваат? Дали се почитува достоинството и правото на приватност на припадниците на маргинализираните групи при известувањето за нив?

**2.** На кој начин медиумските дискурси ги претставуваат маргинализираните групи како што се сексуалните работници, ЛГБТ-лицата и корисниците на дроги во македонскиот медиумски контекст? Кои белези, карактеристики, квалитети и одлики им се припишуваат? На кој начин медиумските дискурси ја (де)легитимираат сексуалната работа, употребата на дрога, хомосексуалноста итн.? Дали медиумските дискурси ги зацврстуваат или преиспитуват постојните стереотипи и предрасуди за припадниците на маргинализираните групи?

**3.** Како медиумите, новинарите и уредниците ги третираат проблемите на дискриминацијата, стигмата и социјалното исклучување, говорот на омраза и насилството врз припадниците на маргинализираните групи? Од која перспектива, и со помош на кои аргументи се (де)легитимираат исклучувањето, дискриминацијата, насилството, говорот на омраза и нетолеранција, како и борбата за сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници?

### 1.3. Методи на истражувањето

1. Мониторинг на селектирани медиуми, според однапред зададени клучни зборови;
2. Квантитативна анализа на медиумските содржини добиени како резултат на мониторингот и компаративна анализа со резултатите од претходното истражување;
3. Фокус групи со новинари, врз основа на однапред подготвен прашалник (в. Додаток 1), во кој ќе бидат разработени истражувачките прашања;
4. Квалитативна (дискурзивна) анализа на селектирани написи или прилози релевантни за дискриминацијата врз припадниците на маргинализираните групи;
5. Студии на случај, со примена на методите на критичка анализа на дискурси, на актуелна тема;

### 1.4. Квантитативна анализа

Во периодот од 1.4.2011 до 1.6.2011 беа набљудувани повеќето електронски медиуми во Република Македонија.[1] Мониторингот на вестите и прилозите се одвиваше во однос на следниве клучни теми/термини:

- Сексуална работа / проституција - настани каде што се споменуваат сексуални работници, права на сексуалните работници, насилство врз сексуални работници, дискриминација и сл.;

- Зависност од дрога, Центар за зависности - Кисела Вода, Центар за зависности во рамки на Клиничкиот центар или конкретни настани каде што се споменуваат корисници на дрога и зависници од дрога;

- Хомосексуалност, бисексуалност, трансродовост, менување на пол, или конкретни настани каде што се споменуваат хомосексуалци, лезбијки, транссексуалци, интерсексуалци, квир-лица итн;



- Лица кои живеат со ХИВ/СИДА или настани поврзани со овие лица и оваа проблематика;

- Дискриминација на маргинализираните групи, како и сите варијанти на посочените дискриминациски термини: „педери“, „курви“, „проститутки“, „наркомани“ и сл.

Во посочениот период селектиравме вкупно 154 написи и прилози. Од нив 70 се однесуваат на теми поврзани со ЛГБТ-лицата или хомосексуалноста, 46 се однесуваат општо на зависноста од дроги и лицата кои користат дроги или се зависни од дроги, 18 се однесуваат на сексуалната работа или сексуалните работници, 15 на лицата кои живеат со ХИВ или теми поврзани со оваа проблематика, а 5 опфаќаат повеќе посочени групи и теми.



Како што може да се забележи, најчести теми поврзани со маргинализираните групи кои беа фокус на нашето истражување беа темите поврзани со хомосексуалците, бисексуалците, лезбијки и трансродовите лица. Кога електронските или печатените медиуми третираат тема поврзана со ЛГБТ-лицата, тоа најмногу се прави во рубриката „Свет“ или „Балкан“ (и варијациите како „Светот е вест“, „Луда планета“ и слично). Понатаму, следува рубриката „Занимливости“ (и варијациите како „Интересно“, „Стајл“ (Style), „Живот“ и сл.), потоа рубриките „Македонија“ или „Актуелно“, „Култура“, „Колумни“, „Хроника“ и други рубрики.




Најголем дел од овие прилози зборуваат за хомосексуалци, хомофобија или геј-паради. Бисексуалците и интерсексуалците се споменуваат само во еден напис, односно на едно место на кое поворката на гордоста во Хрватска е именувана како поворка на гордоста на лезбијките, хомосексуалците, бисексуалците и интерсексуалните лица. Лезбијките, освен во претходно споменатиот напис, се споменуваат во уште само три написи од кои два се однесуваат на првата лезбијска венчавка одржана во Неапол, а еден на пренесена изјава од холивудската глумица Лив Тајлер, која гласи: „Ги обожавам лезбијките!“.



Трансродовите лица во медиумите се тематизираат најсензационалистички. Детектиравме пет написи што се однесуваат на трансродови лица или на промена на полот. Од нив, два се однесуваат на трансродовата пејачка Дана, која учествуваше на Евровизија, два на македонскиот шоумен Боки 13, и една колумна во која промената на полот претставува тема преку која се проблематизираат други нешта.

Зависниците од дроги и корисниците на дроги се следни по однос на застапеноста во медиумите. Кога електронските или печатените медиуми третираат тема поврзана со зависноста од дроги или користењето на дроги најчесто ги сместуваат своите написи или прилози во рубриката „Хроника“ (или варијацијата „Црна хроника“). Понатаму, следуваат рубриките „Скопје“, „Македонија“ или „Актуелно“, „Свет“ и други рубрики.






Сексуалната работа е помалку застапена како тема во медиумите. Најчесто се среќава во печатените медиуми, а многу поретко во електронските. Кога електронските или печатените медиуми третираат тема поврзана со сексуалната работа, најчесто, своите написи или прилози ги сместуваат во рубриката „Хроника" (или варијацијата „Црна хроника"). Понатаму, следуваат рубриките „Занимливости" (или варијации како „Луда планета", „Забава" и сл.), „Македонија", „Актуелно" и други рубрики.



Лицата што живеат со ХИВ или темите поврзани со ХИВ и СИДА се најмалку застапени во медиумите, во споредба со темите поврзани со другите маргинализирани групи што беа фокус на нашето истражување. Кога електронските или печатените медиуми третираат тема поврзана со ХИВ, најчесто, своите написи или прилози ги сместуваат во рубриката „Македонија". Понатаму, следуваат рубриките „Занимливости" (и варијациите како „Гламур", „Калеидоскоп"), „Здравје", „Исповед" и други рубрики.



## 2. Лингвистичко идентификување на припадниците на маргинализираните групи

Лингвистичкото идентификување најчесто подразбира вреднување и оценување, па самата употреба на одредени називи укажува на лингвистичко вклучување или лингвистичко исклучување на идентификуваните лица. Наједноставна и најчеста форма на лингвистичка и реторичка дискриминација е кога лингвистички се идентификуваат лица и групи преку омаловажувачко, навредливо или потценувачко именување. Лингвистичкото исклучување многу често се користи за да се прикријат лицата што се одговорни за одредени дискриминациски активности и има очевидни дискриминациски последици.[2]

Во текот на набљудувањето на медиумите, истражувачите беа сосредоточени на прашањата: Како се именувани припадниците на маргинализираните групи? Како лингвистички на нив се реферира? Какви референцијални стратегии се користат од страна на новинарите и уредниците? Дали се почитува достоинството и правото на приватност на припадниците на маргинализираните групи при известувањето за нив?

Припадниците на маргинализираните групи се именуваат и опишуваат на различни начини имајќи го предвид контекстот на написот или прилогот. Во однос на лингвистичкото идентификување на припадниците на маргинализираните групи опфатени со нашето истражување, забележително е намалувањето на бројот на наслови во кои експлицитно се среќава омаловажувачко, навредливо или потценувачко именување, во споредба со претходните години. Но, иако дел од новинарите сметаат дека постои политика на коректно именување и опишување[3], овој оптимистички став не може да се потврди со голем дел од резултатите од нашата анализа.



### 2.1. Лингвистичко идентификување на корисниците на дрога и зависниците од дрога

Според новинарите, корисниците на droги и зависниците од дроги во медиумите, главно, се именуваат како „наркозависници“ и тој термин се смета за политички коректен наместо терминот „наркомани“ кој е исклучен од употреба во повеќето редакции. Новинарите се свесни дека некои медиуми сѐ уште го употребуваат терминот „наркомани“, а пејоративните термини како „дрогераш“, „џанак“ и слични на нив, сметаат дека е можно да се сретнат исклучиво во колумни.

Резултатите од нашето истражување покажуваат дека повеќе новинари и медиуми сѐ уште ги користат дискриминациските термини „наркомани“ и „наркоманија“, како и терминот „наркозависници“, наместо термините „корисници на дрога“ и „зависници од дрога“. Голем дел од новинарите сѐ уште не се во состојба да направат разлика меѓу „зависници од дрога“ и „корисници на дрога“ (уште помалку меѓу „корисници на лесни дроги“ и „корисници на тешки дроги“), а тоа се дистинкции што најчесто не се прават ниту во статистичките извештаи на МВР.

**Пример 1:** „Наркоманите пијат метадон во автобус“

На ден 27 јуни 2011 година, во дневниот весник „Вест“, објавен е напис со наслов „Наркоманите пијат метадон во автобус“, во кој доминира употребата на дискриминацискиот термин „наркомани“, дури и во контекстот „дневни центри за наркоманите“. Иако анонимниот извор од Министерството за здравство укажува дека „иде¬ја на Министерството за здравство е во секоја општина да има центар за зависности“, а изворот од невладиниот сектор зборува за „дневни центри за третман и превенција од злоупотреба на дро¬ги“, новинарот го употребува дискриминацискиот израз „центри за наркомани“. Во текстот е наведена изјава од медицинско лице, кое недвосмислено посочува дека станува збор за пациент, меѓутоа новинарот никаде во текстот не го користи медицинскиот термин „пациент“ за лицата кои немаат каде да примаат метадонска терапија, туку ги претпочита термините „наркомани“ и „наркозависници“[4].

Со ваквото лингвистичко исклучување, практично, се прикриваат лицата кои се одговорни за дискриминација (со неотворањето на центри за метадонска терапија во секоја општина), тие дури воопшто и не се посочени во текстот, а негативно се претставуваат дискриминираните лица, не се почитува нивното достоинство, ниту нивното право на приватност (како пациенти). Зависниците од дрога се дополнително исклучени и со самото тоа што не им е дадена можност да се слушне нивниот глас во медиумите, додека се известува за работи кои лично ги засегаат како пациенти.

**Пример 2:** „Се повеќе деца наркомани..."

На ден 26 јуни 2011 година, на телевизијата „Алфа", во рамки на Дневникот, прикажан е прилог со наслов „Сè повеќе деца наркомани и сè поголема достапност на дрогата". На 4 април 2011 година, во дневниот весник „Вест" (во рубриката „Црна хроника") е објавен напис со наслов „Сè повеќе деца наркомани" и наднаслов „За една година нови 58 наркозависници во Куманово".

Во првиот прилог новинарката ги употребува дискриминаторските термини „наркомани" и „наркоманија"[5], и покрај тоа што ниту еден од изворите не ги споменува тие термини (ниту интервјуираниот „зависник од хероин", ниту психологот, ниту соговорникот од „тетовскиот Центар за намалување на штети од употреба на droги "). Исто така, новинарката не прави разлика меѓу термините „зависници од дрога" и „корисници на дрога".

Во насловот на написот „Сè повеќе деца наркомани" уредникот се одлучил за сензационалистичкиот и стигматизирачки термин „наркомани", иако новинарката во текстот го претпочита помалку дискриминацискиот термин „наркозависници", преземајќи го од изјавата на единствениот извор.[6] Написот завршува со шокантната информација дека „За последните 10 години во Куманово од предозираност починале околу стотина регистрирани наркозависници." Употребата на термините „наркомани" и „наркозависници" е пример за лингвистичко исклучување, со кое практично се прикрива одговорноста на медицинските и државните институции за смртта на стотици зависници од дрога.



**Пример 3:** „Девет илјади регистрирани наркомани..."

Во дневниот весник „Вечер", во рубриката „Црна хроника", е објавен текст со наслов „Девет илјади регистрирани наркомани се дрогираат со хероин" и наднаслов „Македонија ја продолжува борбата со дрогата" (30 март 2011). Текстот се засновува главно на полициски извори, и во најголемиот дел се зборува за производството на дрога (недозволено и дозволено), за трговијата со дрога, за борбата против трговијата со дрога, за кривичните пријави и запленетите количества на дрога итн. Единствено во мал дел од текстот со наслов „Во земјава има 9000 наркозависници", се наведува како извор Министерството за здравство според кое „во земјава биле регистрирани 9000 корисници на дрога". Информацијата за „9000 корисници на дрога" (во кои спаѓаат и корисниците на марихуана, како „најчесто користена дрога") необично се преобразува во „9000 наркозависници", а во главниот наслов фигурира како „Девет илјади регистрирани наркомани" што „се дрогираат со хероин".

Сензационалистичкиот наслов, употребата на дискриминациските термини „наркомани" и „наркозависници", намерното игнорирање и побркување на изразот „корисници на дрога" (од информацијата на Министерството за здравство) со „наркозависници", како и сместувањето на „регистрираните наркомани" во контекст на полициските статистики за производството на дрога, трговијата со дрога и борбата против трговијата со дрога, се пример за лингвистичко идентификување и врамување, кое ги зајакнува негативните стереотипи и предрасуди што ја поттикнуваат дискриминацијата кон корисниците на дрога.

**Пример 4:** „НВО предупредуваат за пораст на бројот на наркозависници"

На ден 4.4.2011, во дневниот весник „Нова Македонија", е објавен напис со наслов „НВО предупредуваат за пораст на бројот на наркозависници". Ударната порака на написот се темели на извори од „невладините организации за борба против наркоманијата"[7], израз, којшто наводно е позајмен од изјавата на претставничката на една таква организација.[8]

Во новинарскиот напис се информираат граѓаните за состојбата со зависници од droги на ниво на град Скопје и за состојбата со нелегалната трговија со дроги на ниво на град Скопје без притоа да се направи јасна и суштинска дистинкција меѓу овие две сосема различни проблематики. На тој начин медиумскиот напис прави стигматизирачка и неоснована корелација меѓу зависноста од дроги и криминалот[9], базирана на предрасуди. Истовремено, во овој новинарски напис не се прави дистинкција меѓу „дилери на дроги“ и „зависници од дроги “[10].

Употребата на стигматизирачкиот термин „наркозависници“ и именувањето на здружението за унапредување на превенцијата, третманот и социјалното вклучување на лицата што користат дроги како „невладини организации кои се борат против наркоманијата“ укажува на намерно одржување на дискриминацијата и социјалното исклучување на лицата што се зависни од дроги и лицата што употребуваат дроги. Поистоветувањето на кривичното дело „неовластено производство и пуштање во промет на дрога“ со „зависноста од дроги“ претставува обид за стигматизирање и исклучување на припадниците на оваа и онака маргинализирана група преку неоснована криминализација на болеста на зависност. Криминализацијата на болеста на зависност во медиумите го одржува создавањето на страв од лицата кои се зависни од дроги кај општата јавност и ги одржува стереотипите и предрасудите поврзани со овие лица како насилници и криминалци.Криминализацијата на болеста на зависност во медиумите го одржува создавањето на страв од лицата кои се зависни од дроги кај општата јавност и ги одржува стереотипите и предрасудите поврзани со овие лица како насилници и криминалци.

### 2.2. Лингвистичко идентификување на ЛГБТ лицата

Според новинарите, најчесто во медиумите се користи називот „хомосексуалци“, иако во поново време некои новинари сметаат дека е модерен изразот „гејови“. Поретко се користи терминот „педер“, но се користи терминот „педерски“ за да се опишат негативни аспекти на различни нешта. Еден од новинарите истакна дека кога се пишува во негативен контекст за овие групи понекогаш свесно се користи навредливиот термин „топли браќа / топли сестри“. Новинарите



сметаат дека многу ретко се пишува, односно воопшто не се пишува, за транссексуалци и трансродови лица.

Резултатите од нашето истражување укажуваат на повеќе примери во кои сè уште омаловажувачки се употребува изразот „педер“, како и на други референцијални стратегии со кои се повредува достоинството на ЛГБТ-лицата.

**Пример 1:** „ Најден првиот педер“

Порталот „Таратур“, на 7.4.2011, сензационалистички известува дека е „најден првиот педер“, повикувајќи се на археолошки откритија од Чешка, каде биле пронајдени „посмртни останки од првиот човек од пештерско доба за кој се верува дека бил хомосексуалец“[11]. Во написот, археолозите се цитираат и како експерти за одредување на сексуална ориентација на скелети од времето на бакарното доба: „Многу е поверојатно дека човекот имал поразлична сексуална ориентација, дека бил или хомосексуалец или трансвестит“[12] (изјава на раководителката на ископувањето Камила Ремисова Весинова). Во написот, „скелетот“ се стигматизира како „педер“ затоа што лицето било наводно погребано „на начин на кој во тоа време само жените се испраќале на другиот свет“ и затоа што било очигледно дека „овие остатоци му припаѓаат на маж, кој од неговите сожители бил сметан за жена“. Ваквото лингвистичко идентификување е показател дека новинарот не прави разлика меѓу „пол“ и „род“, како и меѓу „сексуална ориентација“ и „родов идентитет“ (ниту меѓу термините „трансвестит“ и „транссексуалец“), што како последица доведува до дискриминаторско именување, кое ги зајакнува постоечките негативни предрасуди кон хомосексуалците и трансродовите луѓе.

**Пример 2:** „Јебологија“

Во колумната „Јебологија“, објавена на 30.5.2011 во „Вечер“[13], авторот Драган П. Латас експлицитно го употребува дискриминацискиот термин „педери“ во омаловажувачки контекст:

„Дури ни педерите, овојпат, нема да гласаат за него.“ Хомофобичниот дискурс на Латас е „крунисан“ со хетеросексистичкото објаснување на главниот термин од насловот на колумната: „Јебологија учи дека е подобро да легнеш еднаш со Снежана него седум пати со џуџињата.“ Со ваквите референцијални стратегии од страна на уредникот на „Вечер“, отворено се гази по достоинството на хомосексуалците.

**Пример 3:** „Гејови“ и „пендреци“

На порталот „Плусинфо“ беа објавени два сензационалистички наслови: „400 пендреци за 200 гејови!“ (подоцна преименуван во „400 полицајци ќе ја обезбедуваат геј-парадата во Сплит“), и „Хаос во Сплит: Гејовите ги извадија пендреците!“ (подоцна преименуван во „Хаос во Сплит: Хомосексуалците нападнати од организирана група“ - 11.6.2011). Сензационалистичките наслови и фотографии, како и „хумористичното“ асоцирање на „гејови“ со „пендреци“, го дефокусира вниманието од опасноста од насилство (во првиот наслов) и реалното насилство (во вториот дефокусирачки наслов, кој дезинформира дека „гејовите“ употребувале насилство („пендреци“). Употребата на терминот „парада“ (во контекст на „геј-парадата“ или „парадата на гордоста“) го затскрива фактот дека учесниците на маршот на гордоста сакаат слободно, без дискриминација, да го остварат своето право на мирен протест како и другите луѓе.

**Пример 4:** „Лепа Брена мења пол“

Авторот на колумната објавена во „Вечер“ (7.4.2011) во еден пасус прави комплетна збрка меѓу „полова или сексуална ориентација“, „менување на пол“ и „травестити“:

„Ајде ќе ја поддржам каузата државата да ги партиципира операциите за промена на полот. Оти по таа логика мислам дека треба да дојдеме до солуција Македонија, која недвосмислено има женско име, да додадеме и машко - Македон, па секој по својата полова или сексуална ориентација да ја нарекува земјава Македон или Македонија. Со ова вие визионерски ќе го решите проблемот со Грција и ЕУ и НАТО и конечно на препоните на новите травестити земјата да тргне напред и



да влезе во аналот на Европа...аналите де...“

Дискриминацискиот однос кон припадниците на сексуалните малцинства, авторот на колумната го затскрива со подбивање, омаловажување и неразликување на „полов идентитет“ од „родов идентитет“ и „сексуална ориентација“, и на „трансексуалци“ од „трансвестити“. Во други свои колумни, во сличен омаловажувачки „хумористичен“ стил ги користи потценувачките изрази „топли браќа“ и „хомоси“[14].

**Пример 5:** Дана – тра(нс)вестит?

Во неколку новинарски прилози за „Евровизија“ учесничката Дана Интернационал беше етикетирана како тра(нс)вестит: „Новинарот со намера да го збуни, му го постави ова прашање на Влатко, мислејќи дека тој нема да ја избере Дана, затоа што е травестит“[15]. Иако во содржината на еден друг напис беше лингвистички идентификувана како „Привлечната транссексуалка“, во насловот на текстот „транссексуалката“ беше преименувана во „транссексуалец“ („Транссексуалецот повторно на „Евросонг“, „Утрински весник“, 11 март 2011)“. Ниту во еден напис не беше спомнато дека сегашното име на Дана е Шерон, а повеќето написи лингвистички ја идентификуваа со нејзиното име пред промената на полот. Така, насловот „Јарон Коен веќе 20 години е женско“ (Вест, 9 мај 2011), не само што погрешно лингвистички ја идентификува Шерон (Дана), туку и ги доведува во заблуда читателите со нејзиното именување како Јарон Коен, дезинформирајќи дека „тој пред 20 години го сменил полот, станал женско и оттогаш го користи само уметничкото име Дана Интернешенел“.

Неправењето разлика меѓу „транссексуалец“ и „трансвестит“ и сензационалистичкото идентификување на лицата кои го смениле полот исклучиво со името пред промената ги зајакнува стереотипите и предрасудите кон трансексуалците и го повредува нивното достоинство.

**Пример 6:** „Ева Лонгорија е лезбејка“, а во „Ромео и Џулиета“ нема „геј моменти“

Во сензационалистичкиот наслов „Ева Лонгорија е лезбејка?!“[16], актерката се идентификува како потенцијална „лезбијка“ само затоа што „се одлучи да учествува во лезбиски филм“. Контроверзни и сензационалистички наслови предизвика претставата „Ромео и Џулиета“, во која „женските улоги ги играат мажи“: „Нема геј моменти во Ромео и Џулиета“ (со наднаслов: „Актерот Оливер Митковски тврди дека новата премиера е стрејт“)[17] и „Носиме фустани ама пак сме мажи“ (со наднаслов „Премиера на комплетно машката „Ромео и Џулиета“).[18] Иако двата медиумски настана не се поврзани, забележителен е контрастот и двојните медиумски стандарди. Од една страна, странската актерка медиумски се етикетира како „лезбијка“ затоа што се одлучила да учествува во „лезбиски филм“ (комедијата „Без мажи“). Од друга страна, домашната претстава се идентификува како „стрејт“ (во која „нема геј моменти“), иако се „рекламира“ со сензационалистичкиот заклучок: „Ромео ќе љуби маж место жена!“ Со акцентирањето и зајакнувањето на изјавата на режисерката „во претставата нема поврзаност со хомосексуалност или травестија“ и изјавата на еден од актерите „Немаше ништо вулгарно, никакви знаци на травестија или геј моменти“ се зајакнуваат негативните стереотипи и предрасуди дека некоја претстава во која би имало „геј моменти“ и „травестија“ би била „вулгарна“ и општествено неприфатлива.

**2.3. Лингвистичко идентификување на сексуалните работници и сексуалната работа**

Според новинарите, изразот „сексуална работа“ поретко се користи во медиумите, затоа што не се третира како работа, односно како самостоен избор на работа. Најчесто се користат изразите „проституција“, „проститутки“, „ороспии“, а терминот „курва“ може да се сретне во колумни.[19]

Резултатите од нашето истражување укажуваат на повеќе примери на лингвистичко идентификување со кое се повредува достоинството на сексуалните работници.



**Пример 1:** „Откриено дувло на проституција...“

Во „Утрински весник“, на 22.6.2011, е објавен напис „Откриено дувло на проституција во Карпош“, кој се потпира на „сознанијата од полициската истрага“, според која „станот што го изнајмила гостиварката на улицата „Бранислав Нушиќ“ повеќе од една година бил дувло на проституција, во кој постојано навраќале најразлични клиенти“. Полицискиот израз „дувло на проституција“, зајакнат во насловот, ја фаворизира полициската верзија на настанот, која го пренебрегнува клучниот момент дека полицијата била повикана да ги заштити жртвите на насилство кои биле претепани, од страна на маскирани лица. Повеќето наслови во медиумите комплетно го занемарија насилството врз жените, фаворизирајќи ја полициската верзија на настанот: „Откриен бордел во центарот на Скопје“, „Уапсена ’мадам‘ во скопска јавна куќа“, „Жена-макро во Скопје ’услужила‘ околу 150 клиенти“, „Гостиварчанка во притвор поради посредување при проституција“, „Притвор за жена-макро“...

Во весникот „Вест“, на 22.6.2011, е објавен наспис со наслов „Полицијата уапси раскрвавени проститутки“ и наднаслов „Откриен бордел во стан во скопски Карпош“[20]. Иако во првата реченица жртвите на насилство, кои побарале помош од полицијата, се именувани како „сексуални работнички“, во ударниот наслов се преименувани во „раскрвавени проститутки“. Текстот воопшто не е фокусиран на проблемот на насилството врз сексуалните работнички, ниту испитува зошто жртвите на насилство биле уапсени откако побарале полициска заштита, туку во наднасловот изведува парадоксален заклучок дека е „Откриен бордел во стан во скопски Карпош“. Лингвистичката идентификација „раскрвавени проституки“ во контекст на „откриен бордел“, ја затскрива полициската дискриминација врз сексуалните работнички, кои, наместо да бидат заштитени по пријавата на насилство, биле третирани од страна на полицајците како криминалци.

Написот „Гостиварка држела бордел во Скопје“ (со наднаслов „Претепани проститутки барале помош од државата)[21] започнува со информацијата дека „полицијата открила бордел откако двајца маскирани насилници ги претепале сопственичката и неколку проститутки што ’работеле‘ во

изнајмен стан“. Употребата на терминот „работеле“ во наводници го дефокусира вниманието од проблемот на насилството врз сексуалните работнички, кои во натамошниот дел на текстот не се третирани како жртви на насилство, туку како „снаодливи девојки“ и соучеснички во криминал. Во рамката „снаодливи девојки“, се пренесуваат изјави на очевидци кои го слушале разговорот меѓу „полицајците и девојките“, во кои се омаловажуваат изјавите на жртвите, со што се прикрива дискриминацискиот однос кон жените-жртви на насилство од страна на полицијата.

**Пример 2:** „Проститутка нападната и ограбена...“

Во „Утрински весник“, на 3.5.2011 во рубриката „Хроника“ е објавена куса информација „Проститутка нападната и ограбена во Скопје“: „Проститутка била нападната и ограбена од клиенти во Скопје, кои не само што не и’ платиле за услугата, туку и ја удирале со тупаници и клоци, бидејќи им побарала пари...“ Краткиот опис на случајот се базира на информации од полицијата, „од каде што најавуваат мерки за пронаоѓање на напаѓачот“. Политиката на „Утрински весник“ овозможува коментари од читателите, во кои повеќето се сексистички или омаловажувачки кон „проститутките“ и „проституцијата“, и го дефокусираат вниманието од проблемот на насилството врз сексуалните работнички[22]. Реткост се коментарите што го доведуваат до прашање лингвистичкото идентификување „проститутка“, свртувајќи го вниманието кон проблемот на насилството и насилниците, кои најчесто остануваат неказнети[23]. Реткост се и насловите во рубриката „Хроника“ во кои се користи лингвистичката идентификација „сексуална работничка“ („Претепана и ограбена сексуална работничка“, „Дневник“, 3.5.2011). Во насловот, пак, „Ограбена проститука“ („Време“, 3.5.2011), фокусот е врз чинот на ограбување, со што се минимизира чинот на насилство (претепувањето откако сексуалната работничка одбила услуга): „се обидел да ја обљуби, но откако таа одбила, насила и зел 25 евра и почнал да ја удира со тупаници и клоци по телото и по главата, а потоа ја избркал од возилото“.



**Пример 3:** „Собранието е сифилистична распуштеница...“

Во колумната „Собранието е сифилистична распуштеница со демократска шминка“, се критикува работата на македонското собрание на следниов начин: „...националниот сифилис што го посеа таа ороспија...“, „„...распуштеницата беше инструмент на институционалниот погром врз основите на македонското постоење...“ (Глобус, 19.4.2011, стр. 82). Иако со употребата на изразите „сифилистичка распуштеница“ и „ороспија“ авторот Бранко Тричковски лингвистички го идентификува Собранието, со таквите етикети го повредува достоинството на сексуалните работници и придонесува за поттикнување на стигма и дискриминација кон нив.

**Пример 4:** „Ороспии со гордост“

На 6.4.2011, во „Вечер“, во рубриката „Фотофиниш“ (Photophinish), беа објавени неколку фотографии од Ројтерс со наслов „Ороспии со гордост“. Фотографиите го покриваа настанот „Слатвок Торонто“ (Slutwalk Toronto), и на нив се прикажани учеснички на женското феминистичко движење, кое застана во одбрана на правата на сите жени, а особено правата на жртвите на насилство, мизогинија и хомофобија. Лингвистичкото идентификување на жените што протестираат како „Ороспии со гордост“, без да се објаснат причините зошто тие жени го усвоиле изразот „ороспии“, ја затскрива причината за нивниот протест, а тоа е токму претставувањето на жените-жртви на насилство како „ороспии“, предизвикани од мажите насилници.

На 20.6.2011, во „Нова Македонија“ е објавен написот „„Евтините“ протестираа од Монтреал до Лондон“, со фотографија на жени што протестираат држејќи транспаренти „Не значи не“, под која пишува „Жртвата никогаш не може да биде виновник, порачаа протестантките“. Написот почнува со реченицата „Илјадници жени облечени евтино, како ороспии, протестираа завчера во повеќе градови низ светот, предизвикани од изјавата на еден канадски полицаец, според кого „младите жени не би биле жртви на сексуални напади кога не би се облекувале како ороспии“[24].

Погрешно парафразираната изјава, и оценката „несмасната изјава на полицаецот“, ги ослабува пренесените изјави на учесничките на протестот дека „жртвата никогаш не може да биде виновник“. Наспроти зајакнувањето на лингвистичките идентификации „Евтините“ и „Проститутките“ и сензационалистичкото претставување на жените што протестираат, во обата текста воопшто не се адресира едно од нивните клучни барања – оставка на британскиот секретар за правда Кенет Кларк, поради неговата дубиозна дистинкција меѓу „реално силување“ (real rape) и „силување на состанок“ (date rape).

**Пример 5: „Уапсени танчарки“, приведени „проститутки“**

Насловот на написот „Уапсени танчарки“ (Вечер - 3.7.2011) сугерира дека полицијата уапсила „две бугарски државјанки и една Македонка“ затоа што биле танчарки, иако во содржината на написот се објаснува дека „биле уапсени од полицијата поради илегална работа“.

Насловот „Приведени коцкари и проститутки“ (со надназлов „Алфа тимот на МВР за шест месеци легитимирал шест илјади граѓани“)[25] се осврнува на статистиката на МВР, која „покажува дека по основ на нарушен јавен ред и мир се приведени од страна на Алфите 178 лица“. Не е јасно зошто во насловот се истакнати само „коцкари и проститутки“, имајќи предвид дека од вкупно приведените 178 лица само „по седум лица се приведени за комар, хазардни игри, проституција и за употреба на пиштол и пиротехнички средства“.

Ваквиот начин на лингвистичко идентификување и претставување, кое воопшто не го поставува прашањето зошто се лишуваат од слобода лица за нарушен јавен ред и мир, ги зајакнува негативните стереотипи за сексуалните работнички како криминалци.

**2.4 Лингвистичко идентификување на лицата што живеат со ХИВ**

Медиумските конструкции на концептите и претставите за ХИВ и СИДА зависат во голема мера од начините на именувањето и терминолошкото разликување. Кај дел од новинарите не постои



високо ниво на чувствителност за значајноста на процесите на именување и терминолошко разликување за луѓето што живеат со ХИВ. Новинарите многу ретко го објаснуваат значењето на кратенките ХИВ[26] и СИДА,[27] а неретко зборот „сида“ се употребува со мали букви, како да не е кратенка. За луѓето што живеат со ХИВ најчесто се употребуваат следниве изрази: „луѓето со ХИВ/СИДА“, „лицата со ХИВ/СИДА“, „лицата заразени со ХИВ“[28], „заболени од ХИВ и од сида“, „болните од ХИВ и од сида“, [29] „пациенти заразени со ХИВ/СИДА“, „носители на ХИВ вирусот“ итн.

Биомедицинската терминологија честопати создава конфузија кај новинарите, која се репродуцира преку моќта на медиумот.

**Пример 1:** Во текстот „Одбиле да го лечат оти бил ХИВ-позитивен“ (Вест, 6.4.2011), се известува дека нашата Коалиција посочила на „случајот на 32-годишен тешко болен зависник од дрога, кого не го примале во ниту една болница оти бил ХИВ-позитивен“. Но, во извештајот на Коалицијата воопшто немаше никаква информација за ХИВ-статус. Беше посочено дека станува збор за случај на неукажување на лекарска помош, кое било условено со барање на медицинска потврда за ХИВ-статус.

Најголема забуна предизвикуваат медиумските дискурси во кои воопшто не се прави разлика меѓу ХИВ и СИДА, или меѓу лице со ХИВ-позитивен статус и лице што живее со СИДА. Во некои текстови читателот може да стекне впечаток дека постои некаква болест која се нарекува „ХИВ Сида“ и дека таа болест е заразна како маларијата и туберколозата.

**Пример 2:** Во написот„ОН предупредуваат на опасноста од незаразни болести“ (Здравје, ??) стои: „Иако вниманието на светската јавност е вперено кон заразните болести како ХИВ Сида, маларија и туберколоза, новите податоци покажуваат дека незаразните болести во 2008 година однеле 36 милиони човечки животи“ .
Реткост се написите во кои им се остава простор на стручни лица да ја објаснат разликата меѓу ХИВ и СИДА.

**Пример 3:** Во написот „Да се ослободиме од предрасудите: „Ние не сме чума““ (24 часа здравје, 23.5.2011, стр. 9), има посебна рамка „Од ХИВ до СИДА за 7 до 10 години“, со изјава на д-р Милена Стевановиќ: „Според светските статистики, потребни се 7 до 10 години од инфекцијата со ХИВ-вирус да се помине во стадиумот наречен СИДА.“

## 3. Вклучување/исклучување, позитивно и негативно стереотипизирање, (де) легитимирање

Новинарите и уредниците користат разновидни стратегии на медиумско претставување на припадниците на маргинализираните групи. Во текот на набљудувањето на медиумските содржини, истражувачите беа фокусирани на следниве групи прашања, соодветни за три типа на медиумски стратегии:

1. **Вклучувачки/исклучувачки стратегии:** Дали на припадниците на маргинализираните групи им се дава адекватен простор во медиумите и дали за нив се известува на несензационалистички начин? Дали припадниците на маргинализираните групи се вклучуваат или исклучуваат кога се пишува за нив, или за темите што лично ги засегаат? Какви стратегии на медиумско исклучување или маргинализирање можеме да идентификуваме?
2. **Предикативни стратегии:** Какви особини, квалитети и одлики им се припишуваат на припадниците на маргинализираните групи (корисниците на дрога, сексуалните работници, ЛГБТ-лицата, лицата што живеат со ХИВ)? Дали при претставувањето преовладуваат позитивни или негативни особини, карактеристики, квалитети и одлики? Од која перспектива се изразуваат таквите припишувања и дали се зајакнати или ослабени?
3. **Аргументативни стратегии:** Дали при известувањето за припадниците на маргинализираните групи преовладуваат аргументи со кои се легитимира борбата против дискриминацијата, или, пак, аргументи со кои се оправдува или легитимира исклучувањето, дискриминацијата и потиснувањето на корисниците на дрога, сексуалните работници, ЛГБТ-лицата, лицата што живеат со ХИВ? Од која перспектива се изразуваат таквите аргументи и дали се зајакнати или ослабени?



### 3.1. Вклучувачки/исклучувачки стратегии

Иако медиумите во 2011 година објавија значителен број содржини што непосредно ги засегаат човековите права и потребите на припадниците на маргинализираните групи, гласот на ЛГБТ-лицата, корисниците на дрога, сексуалните работници и лицата што живеат со ХИВ не беше адекватно застапен во медиумите. Новинарите истакнаа дека кога пишуваат за припадниците на маргинализираните групи најчесто изјави земаат од портпаролите на МВР, од социолози, од психолози, од експерти за човекови права и од активисти или од претставници на невладиниот сектор, додека од припадниците на маргинализираните групи многу тешко добиваат изјави. Новинарите сметаат дека темите поврзани со маргинализираните заедници се застапени во медиумите единствено доколку има некој повод (презентација на резултати од некое истражување или прес-конференција на некои невладини организации), доколку треба да се пишува во негативен контекст, ако се случи некаков инцидент или ако приказната е сензационалистичка[30].

#### 3.1.1. Сензационалистичко претставување и заплашување

Иако, во принцип, начинот на известување за припадниците на ранливите групи треба да биде ослободен од сензационализам, според новинарите, сензационалистичкиот пристап е чест и неминовен. За некои новинари сензационализмот нужно не мора да биде причина за негативно претставување на овие заедници[31]. Во одделни случаи, сензационалистичкиот пристап е забележителен и кога се пишува за болести и за судски постапки, наспроти чл. 8 од „Кодексот на новинарите на Македонија“, кој наложува дека „Начинот на информирање, во случаи на (...) болести, на судски постапки, мора да биде ослободен од сензационализми.“

## Сензационализам кон ЛГБТ

**Пример 1: Предизборен сензационализам**

На официцијалниот почеток на изборната кампања, на 15.5.2011, весникот „Вечер“, на насловната страница, сензационалистички ја објави ударната вест: „Шеќеринска нема да отвора фабрики, ама ќе ги штити хомосексуалците!“[32] Сензационалистичките медиумски напади кон политичарите што застануваат во одбрана на правата на хомосексуалците ги мобилизираат негативните предрасуди кон хомосексуалноста и поттикнуваат дискриминација и социјално исклучување.

**Пример 2:** Предевровизиски сензационализам

На насловната страница на „Вест“ (9.5.2011), под фотографијата на пејачката „Дана Интернешенал“, како ударен наслов, стои изјавата на македонскиот претставник на Евровизија, Влатко Илиевски: „Не би и’ простил ни на Дана“[33]. Сензационалистичкото претставување на сексуалноста на Дана, проследено со сензационалистичкото фокусирање на роденото име (пред промената на полот), и игнорирањето на нејзиното лично име (Шерон Коен), ги зајакнува негативните стереотипи кон транссексуалците и поттикнува непочитување на нивната сексуална приватност и на правото на промена на личното име, како човеково право.

**Пример 3:** „Боки 13 го менува полот“

По сензационалистичкиот наслов „Лепа Брена мења пол“ (колумна во „Вечер“ - 7.4.2011), на 9.5.2011, повеќе медиуми сензационалистички ја пренесоа веста „Боки 13 го менува полот“, објавена на „Нетпрес“, пренесена од српскиот „Блиц“. Истиот ден, порталот „Курир“ ја објави веста: „Боки 13 го менува полот, но не во женски“. Сензационалистичкото поистоветување на транссексуалците со трансвеститите, поттикнува трансфобија кон трансродовите луѓе, како што може да се забележи и од објавените нетолерантни коментари на електронското издание на „Вечер“.



## Сензационализам кон сексуалните работници

Сензационалистичките наслови „Откриено дувло на проституција во Карпош“ („Утрински весник“, 22.6.2011) и „Откриен бордел среде Скопје“ („Нова Македонија“, 22.6.2011), ја претпочитаат полициската верзија на настанот, игнорирајќи го насилството врз сексуалните работнички што побарале заштита од полицијата по упадот на маскирани насилници во нивниот стан. Од друга страна, сличен сензационалистички пристап имаме во статијата „Откриен бордел среде Охрид, притворена мадам од Бугарија“ („Вест“, 8.3.2011) и во прилогот „Бугарка водела бордел среде Охрид“ („Сител“, 7.3.2011). Во овие медиумски содржини, сензационалистичкиот пристап ги пренебрегнува битните разлики (меѓу оддавање на проституција, посредување во вршење проституција, принудна проституција и трговија со луѓе) и поттикнува стигматизирање на сексуалните работници.

## Сензационализам кон зависниците од дрога

Употребата на дискурси на страв и шок во тематизирањето на проблемот со дроги влијае врз конструирањето и обликувањето на јавната перцепција на зависниците. Медиумското продуцирање на дискурси за зло, опасност и смртност како и игнорирањето на успешни лични приказни и искуства со лекување и третман на поранешни зависници ја зајакнува стереотипната слика за зависниците и за корисниците како „изгубени души“ и го одржува познатиот мит за невозможноста за лекување на зависноста. Примери за ваков вид сензационализам имаме во написот „Сè повеќе деца-наркомани“[34] како и во написот со сензационалистички наслов „Најмладиот наркозависник има само 11 години“[35].

## Сензационализам во однос на ХИВ/СИДА

Начините на кои медиумски се конструира СИДА-та како болест, честопати се проследени со сензационалистички претставувања и заплашувања[36]. Иако сензационалистичкото претставување и заплашување не беше забележително како во претходните години, можат да се наведат

неколку примери. Сензационалистичкиот наслов „Со ХИВ расте опасноста од срцеви болести“[37],се повикува на научна студија што ја демонстрирала „поврзаноста на ХИВ со срцевиот застој...“. Иако кусиот информативен текст наликува на останатите текстови напишани во „научно-едукативен“ стил, заклучокот на текстот е заплашувачки: „Во текот на седумте години истражување, 186 испитаници добиле застој на срцето.“[38]

Сензационалистичкиот напис „Нов лек против сида“ започнува со извичната реченица „И сидата може да се излекува!“, вест што „секако, ќе израдува милиони луѓе насекаде во светот“. По догматските охрабрувачки тврдења на почетокот на написот[39], следуваат обесхрабрувачки информации: „медицинската постапка е тешка операција, бара вистински донатор, и со себе носи одреден ризик од смрт“, а „... стручњаците не се сосема сигурни дали Браун е 100 отсто излекуван...“. Во заклучокот на кусиот текст, ХИВ е сензационалистички опишан како „колера на современото време“, а конфузното поистоветување на ХИВ со СИДА кулминира во завршната „утешувачка“ поента: „не мора нужно секое лице кое е носител, да заболи од оваа болест“.

### 3.1.2. Медиумско игнорирање и маргинализирање

Многу често проблемите и потребите на припадниците на маргинализираните групи остануваат во зоната на медиумска невидливост поради намерното игнорирање од страна на новинарите или медиумите. Иако новинарите и медиумите не треба да ги игнорираат проблемите и потребите на припадниците на маргинализираните групи, особено случаите кога има сериозни индиции за прекршување на нивните човекови права, медиумското игнорирање е честа појава.

**Пример 1:** Медиумско игнорирање и маргинализирање на повиците за борба против хомофобијата и трансфобијата

Соопштението на Македонскиот Хелсиншки комитет „Хомофобијата стана државна политика на Република Македонија“, објавено на 17.5.2011, беше игнорирано од страна на поголемиот дел од медиумите[40]. Мал дел од медиумите известија за прес-конференцијата на Коалицијата на плоштадот „Македонија“, по повод Интернационалниот ден за борба против хомофобијата и трансфобијата, која беше придружена со изложба на отворено, „Слики против хомофобијата“. Иако пораката „Хомофобијата е државна политика во Македонија“ беше изнесена и при промоцијата на извештајот на Советот на Европа во јуни, 2011 година („Discrimination on grounds of sexual orientation and gender identity in Europe“), само еден медиум ја пренесе пораката[41], а загрижувачките податоци за состојбата во Македонија беа игнорирани од медиумите.



**Пример 2:** Медиумско игнорирање на пациентите кои се лекуваат од зависност

Повеќе медиуми известија за предизборните намери на градоначалникот на општината „Кисела Вода“ за дислокација на Центарот за зависници во Кисела Вода и за изградба на нов општински центар во кој би се третирале само зависници од Кисела Вода[42]. Во сите објавени написи беа пренесени изјавите на градоначалникот, мислења на граѓаните, или мислења на стручни лица, но во ниту еден напис не беше пренесена ниту една изјава за тоа што мислат за таа идеја лицата што се лекуваат во Кисела Вода. Гласот на пациентите од центарот за зависности во Кисела Вода не допре до медиумите ниту откако мал дел од медиумите известија за граѓанската петиција против идејата за дневен центар во Кисела Вода во близина на училиште и градинка[43] . Ниту пациентите, кои се најмногу засегнати од проектот „дислокација“, ниту пак невладините организации што се занимаваат со намалување на штети, не беа консултирани од страна на новинарката, една од ретките што се осмелија да истражуваат зошто во скопските општини не се отвораат планираните центри за зависници[44].

**Пример 3:** Маргинализирање на смртните случаи на затвореници кои се лекуваат од зависност

Во рамки на истражувачкиот период дел од медиумите пренесоа вест за два смртни случаи на зависници во скопскиот затвор „Идризово“. Во првиот случај веста за смртта е пренесена во дневните весници „Шпиц“[45] и „Утрински Весник“[46], а понатаму, во дневниот весник „Шпиц“[47] е објавено интервју со таткото на починатиот заровеник. Во вториот случај, веста за смртта е пренесена во дневните весници „Време“[48], „Вечер“[49], „Утрински Весник“[50], „Дневник“[51], „Нова

Македонија“[52], „Лајм“[53], „Коха“[54].

Медиумското покривање на двата случаи, во најголем дел, е само кусо пренесување на веста, без покажување интерес за проблематичните околности под кои е настаната смртта, како и за одговорноста на надлежните институции и субјекти. Најголем дел од медиумските написи и новинари воопшто не го поставуваат прашањето како е можно да се предозира некој во затвор со терапија што би требало да се дава во строго контролирани услови и количини, и како е можно да постои илегален пазар на дрога во казнено-поправниот дом[55].
За жал, новинарите ретко ги проблематизираат официјалните изјави и извештаи во кои честопати се маргинализираат околностите во кои настапила смртта, а се истакнуваат податоци од криминалното и медицинското досие на осудениците-пациенти. Уште поретко новинарите се осмелуваат да ги постават клучните прашања и да побараат одговорност во случаите на сомнителна смрт на затвореници-пациенти на метадонска терапија[56].

**Пример 4:** Игнорирање на сексуалните работници за теми кои најмногу ги засегаат

Сексуалните работници се игнорираат од страна на медиумите дури и во написите за теми што најмногу ги засегаат нивните права, како што е темата „легализација на проституцијата“. Изјави на сексуални работници, или на нивното регистрирано здружение „Стар“, отсуствуваат и во ударниот напис „Со проституција за еден месец се купува гарсоњера“ („Глобус“, 17.5.2011), и покрај забелешката дека „За легализација на оваа дејност кај нас најмногу се зборува во круговите на проститутки.“ И во ударниот напис „Трет обид за легализација на проституцијата“ („Вест“, 25.8.2011), во кој се тематизира предлог-законот поднесен од еден пратеник, отуствува изјава од сексуален работник и од здружение на граѓани.



**Пример 5:** Игнорирање на проблемите на лицата кои живеат со ХИВ

Лицата што живеат со ХИВ во Република Македонија, со големо задоволство го поздравија писменото обраќање на претседателот на Република Македонија, г. Ѓорге Иванов, до македонската јавност во колумната „Македонија е подготвена да придонесе кон глобалните напори за справување со сидата“[57] . Во колумната, претседателот ги поддржува „сите напори за зајакнување на националниот одговор кон ХИВ и сидата“, обврзувајќи се дека во секоја пригодна можност ќе ги даде своите „искрени заложби и придонес во борбата против стигмата и дискриминацијата кон лицата што живеат со ХИВ или со сида“. Притоа, ги повика сите граѓани „да имаат разбирање и да подадат рака кон оние што се носители на ХИВ или боледуваат од сида и да им помогнат во водењето нормален и продуктивен живот.“
За жал, новинарите не го подадоа своето перо кон предизвиците, разочарувањата и бројните проблеми[58] на кои укажаа лицата што живеат со ХИВ во отвореното писмо, иако тоа претставува одлична појдовна основа за истражувачко и ангажирано новинарство.

### 3.1.3. Медиумско вклучување

Иако медиумите сѐ почесто се (себе)перципираат и како агенти за социјално вклучување, кај нас, се вистинска реткост медиумските содржини што се обидуваат да ги претстават проблемите на припадниците на маргинализираните групи на несензационалистички начин.

**Пример 1:** Исповед: „Во туѓа кожа“

Иако темата „промена на пол“ стана омилена мета на медиумските сензационалисти, написот „Во туѓа кожа“ (Форум, 12.8.2011) се обидува да ги претстави проблемите на македонските транссексуалци од нивна гледна точка, притоа почитувајќи го етичкиот кодекс (кој налага начинот на информирање за медицински случаи да биде ослободен од сензационализми). Преку личните приказни се истакнати проблемите на насилството и дискриминацијата со кои секојдневно се соочуваат македонските граѓани што ќе се одлучат на промена на пол, а фотографиите

илустрираат две клучни поенти: „Во Македонија не се врши хируршка промена на пол“ и „Општеството ја отфрла промената на полот“.

**Пример 2:** „Исповед: живеење со СИДА“

Во две продолженија[59], новинарката на изданието „24 часа здравје“ успешно ја привилегира гледната точка на лицата што живеат со ХИВ, претставувајќи ги нивните проблеми, користејќи комбинација од исповед, изјави на експерти, и искуства од активисти на „Заедно посилни“ (првата работна група за поддршка и самопомош на лицата со ХИВ, во рамки на невладината организација ХЕРА).

**3.2. Предикативни стратегии**

**3. 2.1 Криминализација на корисниците на дроги и сексуалните работници**

Според новинарите, интересот за апсења на уредниците и на публиката е главната причина што за сексуалните работнички и корисниците на дроги главно се зборува во негативен контекст, при некоја акција на полицијата. На тој начин, во медиумите се истакнуваат, но и одржуваат, негативните стереотипи, бидејќи корисниците на дроги и сексуалните работници се претставени како криминалци или лица што го кршат законот.[60]
Сексуалната работа, во медиумите, не се третира како работа (односно како самостоен избор на работа), туку најчесто како форма на криминал. Иако оддавањето на проституција (како и издавањето на простории за вршење на проституција) не е кривично дело, туку прекршок против јавниот ред и мир[61], новинарите, најчесто, само ги пренесуваат полициските известувања во кои сексуалните работници се претставуваат како криминалци. Иако „уживањето наркотични дроги и психотропни супстанции“ е исто така само прекршок против јавниот ред и мир, при пренесувањето на полициските извештаи новинарите многу често ги портретираат корисниците на дрога, па дури и пациентите-зависници од дрога како криминалци.



Загрижувачки е фактот што новинарите ретко се обидуваат да ги преиспитаат полициските извештаи, во кои корисниците на дрога и сексуалните работници се претставуваат како криминалци, дури и кога тие бараат заштита токму од страна на полицијата во случаи на повреда на нивните права.

**Пример 1:** Криминализација на зависниците

Во дневниот весник „Време“, на 20.4.2011, во рубриката „Хроника“ е објавен напис со наслов „Најмладиот наркозависник има само 11 години“. Во написот се тематизираат трендовите на зголемување на бројот на „наркозависници“ и на намалување на старосната граница кај „наркозависниците“, а воопшто не се тематизираат можностите за лекување на зависноста. Најзагрижувачки е последниот пасус: „Наркозависниците, според стручњаците, кога ќе се најдат во стадиум на криза се најчести извршители на криминални дела, сè со цел што е можно побрзо и полесно да стигнат до пари. Според полицијата лани биле извршени 590 кривични дела од зависници“.
Криминализацијата на зависноста преку ваквите дискриминациски дискурси има сериозни последици врз здравствените и социјалните политики, но, пред сè, врз јавната перцепција на проблемот со дрогите, како загрижувачки проблем со кој треба да се справува полицијата, а не здравствениот и социјалниот систем. Овој медиумски напис воспоставува корелација меѓу зависноста од дроги и криминалот што е стигматизирачка, неоснована и базирана на предрасуди. Зависноста од дроги не е кривично дело туку болест на зависност сместена во класификацијата на болести според Светската здравствена организација, па оттаму, со зависноста од дрога треба да се справуваат здравствените и социјалните работници, а не полицајците.[62] ?
Поистоветувањето на зависниците со криминалци претставува дискриминациска стратегија и говор, преку кои се стигматизираат и исклучуваат припадниците на оваа маргинализирана група. Зависниците од дрога се лица на кои им е потребна здравствена заштита, и во никој случај не би требало негативно да се стереотипизираат како криминалци.

**Пример 2:** Криминализација на сексуалните работници

Написот „Полицијата уапси раскрвавени проститутки“ („Вест“, 22.6.2011) ги портретира сексуалните работници како криминалци што треба да се апсат, и покрај тоа што, најпрво, станува збор за жртви на насилство што побарале заштита од полицијата, а освен тоа, не станува збор за апсење поради „оддавање на проституција“ (што е прекршок, а не кривично дело), туку поради сомнение за „посредување при вршење проституција“. Некои медиуми комплетно го игнорираа насилството врз сексуалните работнички и нивниот повик до полицијата, пренесувајќи ја единствено полициската верзија според која „Екипи на скопската полиција по претходно преземени оперативни мерки и документирани сознанија уапсија триесет и седумгодишна гостиварка поради сторено дело посредување при вршење проституција“ („Откриен бордел среде Скопје“, „Нова Македонија“, 22.6.2011). Медиумското портретирање на жртвите на насилство како криминалци, и медиумско-полициското игнорирање на проблемот на насилството врз сексуалните работници се рефлектира и во еден коментар од читател на написот „Претепани проститутки барале помош од државата: Гостиварка држела бордел во Скопје“: „Не е важно што биле претепани - важното е што биле проститутки“.

### 3.2.2. Патологизација/Депатологизација на хомосексуалноста

Минатата година постоеше агресивен тренд на патологизација на хомосексуалноста, поттикнат од медиумското истакнување на собраниските изјави на медицинските „експерти“ од ВМРО-ДПМНЕ („хомосексуалноста е болест“ – д-р Гинев) и од тужбата на „експертките“ по „Педагогија“ против Ирена Цветковиќ (поради јавните критики на нивниот учебник во кој хомосексуалците и лезбијките се претставени како учесници на „изопачен, неприроден и ненормален сексуален живот... личности со психички потешкотии и пречки“).[63] Во 2011 година можеме да кажеме дека започнува тренд на депатологизација на хомосексуалноста, поттикнат од медиумските реакции по судската пресуда со која падна тужбата од авторките на „Педагогија“[64] , а особено по одлуката на Комисијата за заштита од дискриминација со која беше препорачано менување на спорните делови од учебникот[65]. Иако повеќето медиуми ставија фокус токму на решението за ревизија



на учебникот[66], некои се обидуваа да ја изврtat информацијата: „КЗД бара итна ревизија на учебникот за трета година: Од цела „Педагогија“ ги фрустрира само сексот“ („Вечер“).
За промената на дискурсот - од агресивен хомофобичен дискурс, во кој се валкаат жртвите[67], кон дискурс што почнува да го анализира поведението на агресивните хомофоби - не придонесоа само судската пресуда и решението на Комисијата за заштита од дискриминација, туку и одредени написи на специјализирани медицински лица. На пример, авторката на написот „Кога некого ирационално го мразите“[68] им дава совет на хомофобичните (лицата што ирационално мразат хомосексуалци) да побараат стручна психолошка помош за да не дозволат ирационалната омраза како „нездрава емоција“ да „премине во агресија и да се манифестира кон личности што со ништо не ја предизвикале“. И авторката на анализата „Власта уверена дека хомосексуалноста е болест“ („Фокус“, април 2011), ја нормализира хомосексуалноста, притоа обидувајќи се да ја патологизира хомофобијата[69].

### 3.2.3. Стереотипизирање и (де)митологизирање на ХИВ/СИДА

Медиумското претставување на СИДА-та како „колера на современото време“ наликува на првичните известувања од пред неколку децении кои ги поттикнуваа читателите погрешно да веруваат дека СИДА-та е е многу заразна болест и дека се пренесува како грипот[70]. Асоцирањето на СИДА-та со смртна зараза („колера“, „чума“), е поврзано со предрасудите во јавноста кои се адресирани во насловот: „Да се ослободиме од предрасудите: „Ние не сме чума“[71].
Сепак, за негативно стереотипизирање и митологизирање не придонесуваат само неинформираните новинари, туку и некои стручни лица на кои им се дава простор во здравствените рубрики во весниците. На пример, во рубриката „Дерматологија“ се дава несоодветна и нецелосна информација што се подразбира под превентивни мерки за заштита од „Болести што се пренесуваат со сексуален контакт“, меѓу кои спаѓаат и „вирусните инфекции како оние предизвикани од хуман имунодефицитарен вирус (ХИВ)“: „Превентивни мерки на заштита се најдобар начин да се справите од СТД – инфекциите т.е. да се избегнува сексуален однос со инфицирано лице.“ [72]
Токму поради ваквите нестручни совети за превенција од СТД, за поздравување се медиумските написи кои препорачуваат користење на кондоми како средство за превенција.

Така, на пример, во написот „Со кондом за здравје“[73] една популарна пејачка истакнува дека: „Главниот муабет како амбасадор веќе четири години ми е користењето кондоми“ и дека „Глупаво е да пропагираш сексуално репродуктивно здравје, а да не внимаваш на себеси, нели?“

Во овој контекст, особено битни се демитологизирачките написи кои посочуваат дека одговорноста за користење на мерки за превенција лежи на секој/а што практикува секс, независно од ХИВ-статусот[74].

**3. 2.4. Морализирање**

Според новинарите, традиционалните морални вредности кои произлегуваат од религијата, но и традиционалните практики (како бракот и репродукцијата), поттикнуваат маргинализација, дискриминација и социјално исклучување на припадниците на некои маргинализирани групи. Според нив, и десната конзервативна идеологија влијае врз формирањето, зајакнувањето и одржувањето на негативните стереотипи и предрасуди.

**Пример 1:** Дискриминаторско морализирање за Божик и Велигден

Напливот на христијански морализаторски дискурс имаше силен одек во медиумите по Божиќните „еволуционистички“ пораки на архиепископот на МПЦ[75] и „веста“ дека „МПЦ-ОА има лек за хомосексуалците“ (Нова Македонија, 3.2.2011).[76] Но, медиумите ги игнорираа експлицитните дискриминациски пораки од велигденското послание на Митрополитот Петар, објавено на еден од сајтовите на МПЦ[77].

**Пример 2:** Лекување од зависност во женски манастир

Во написот „Свети Георгиј Победоносец лекува наркозависнички“[78] доминира христијанскиот морализаторски дискурс, а манастирот се промовира како успешно лекувалиште на зависност од дрога која е претставена како „потоп“[79]. Манастирот е претставен како „клиника“ која нуди



„спас од зависностите од дрога“ и „воскреснување“ за излекуваните девојчиња[80]. Земањето на дрога е претставено како „грев“, а сестрата ја објаснува успешната терапија преку „покајание“[81].

Во написот не се преиспитуваат практиките на „лекување“ во манастирот, и воопшто не се поставува прашањето дали манастирот е овластена инстутуција за лекување на зависности или пак место каде што се практикува кривичното дело надрилекарство[82].

**Пример 3:** „Борбата против пороците“

Во медиумите е се поприсутен конзервативниот морализаторски дискурс во кој се предупредува за опасноста од „пороците“. На пример, во написот „Како е да си млад во 2011-та“ (Нова Македонија, 12.8.2011), посегањето по дрога, алкохол, и проституција е опишано како „девијантни појави“ и „препуштање на пороци“. Во написот „Охрид полека станува Амстердам“ (Нова Македонија, 29. 4. 2011) „допирот со дрога во Охрид“ е опишан како порок кој „ги демне и учениците од основните училишта“. И во написот „Шприцот го заменија со мотика“ (Утрински весник, 11.4.2011) зависноста од droги е опишана како влез во канџите на злото, скршнување од вистинскиот пат – како порок која мора да се остави зад себе. Морализаторските медиумски дискурси против „пороците“ се сродни со политичкиот дискурс за елиминирање на пороците на владејачката конзервативна партија[83].

Ваквите морализаторски дискурси ги зајакнуваат негативните стереотипи кон припадниците на маргинализираните заедници и го поттикнуваат стигматизирањето и социјалното исклучување.

**3.3. Аргументативни и (де)легитимирачки стратегии**

Врската помеѓу стереотипизирањето и аргументирањето не секогаш може јасно да се разлачи. Од една страна, стереотипите и предрасудите можеме да ги согледуваме и како случаи на лажна генерализација, а од друга страна, честопати можеме да ги идентификуваме предрасудите како

премиси кои се користат во процесот на заклучување. Следствено, многу од случаите кои ги анализиравме во второто поглавје можат да се разгледуваат и како примери за аргументативни или (де)легитимирачки стратегии.

**3.3.1. Сензационалистичко аргументирање за „легализација на проституцијата“**

Во ударниот текст „Со проституција за еден месец се купува гарсоњера“ (неделник „Глобус“, 17.05.2011) се наброени повеќе аргументи во прилог на легализација на проституцијата, како и придобивки од легализирањето. Клучниот аргумент е економски („топосот на финансии“),[84] од гледна точка на државните интереси, кои се загрозени со самото тоа што државата е принудена да се задолжува, наместо да ги стекне тие пари во форма на данок на проституцијата. Според авторот, противниците на легализацијата на проституцијата манифестираат „лажен морал, бидејќи легализација на проституција не значи и нејзино одобрување или стимулирање“, туку тоа е „единствениот начин оваа општествена појава да се стави под контрола и државата да се бори со криминалот во оваа субкултура“.

Авторот се повикува на повеќе укажувања на експерти (без да ги наведе) „дека легализирањето на проституцијата ќе има голем бенефит“: „ќе се воспостави здравствена контрола на лицата кои се занимаваат со проституција, ќе се намали бројот на илегалците... ќе се заштити населението од сексуално преносливи болести пред се од сидата, ќе се заштитат децата од сексуална експлоатација, буџетските трошоци за борба против проституцијата ќе се намалат бидејќи дејноста ќе биде законски регулирана.“

И во ударниот напис „Пратеникот Самка Ибраимовски со предлог-закон: Трет обид за легализација на проституцијата“ (Вест, 25.8.2011) изложени се аргументите на предлагачот, кој поаѓа од фактот дека е „подобро да се контролира и набљудува отколку да се молчи за проституцијата која сите ја гледаме, а се правиме дека ја нема“: „Според Ибраимовски, корисна од легализирањето на проституцијата би била повеќекратна, зашто државата ќе ја контролира, ќе собира данок, а вработените ќе мораат да одат на редовни здравствени прегледи.“



Авторот на текстот ги образложува и контрааргументите на претставници од владејачката партија, пренесувајќи зошто „нема шанси таква работа да помине во Собранието“: „според нив, легализирањето на проституцијата ќе доведе до зголемување на трговијата со бело робје и други криминални дејанија“.

Обата текста се објавени на насловна страница, со сензационалистички наслови, без обид да се навлезе подлабоко во темата, без да се образложи за каков вид легализација станува збор, и какви последици би имала таквата легализација [85].

**3. 3.2. Сензационалистички генерализации од индивидуални случаи**

Сензационалистичкиот напис „Наркоманите пијат метадон во автобус“ (Вест, 27.6.2011) извлекува заклучок кој се однесува на „наркоманите“, иако станува збор за само еден случај кога пациент бил виден и фотографиран како зема терапија во градски автобус во Скопје.
Наспроти сензационалистичкиот заклучок од насловот, пренесената аналогија на претставникот од невладиниот сектор не е зајакната, иако претставува критички глас кон тенденцијата земањето терапија на јавно место да се стигматизира: „Тоа што зависникот пиел метадон во автобус не е страшно. Исто како дијабетичар кога прима инсулин на јавно место.“

**3.3.3. Во потрага по одговорност за неотворените дневни центри за лекување на зависници**

Написот „Локалните власти не сакаат да одредат локации за дневни центри: Од зависниците бегаат како од чума“ (Време, 05.05.2011) е еден од ретките истражувачки написи кој ја следи шемата на аргументација „топос на одговорност“[86] . Надоврзувајќи се на случајот „дислокација“, написот претставува сериозен обид ненаметливо да со отвори горливото прашање за лекувањето на зависниците имајќи ја предвид поголемата слика, а не само општината Кисела Вода. Во почетокот се информира за повикот на Министерството за здравство до сите општини да најдат

објект на својата територија „во кој ќе се отвори дневен центар за лекување наркозависници", повик на кој не одговорила ниту една од скопските општини. Понатаму новинарката контактира релевантни лица од 7 општини во рамки на град Скопје и ги пренесува нивните изјави од кои јасно се чита тенденцијата за бегање од одговорност и неиздржано аргументирање за неспроведувањето на одлуката. Најчести аргументи се дека општините немаат соодветени простории, но ниту една од општините не аргументира како е можно да не се најде соодветна просторија за отворање на центар за лекување. Некои од градоначалниците се обидуваат одговорноста да ја префрлат на централно ниво или на Град Скопје. Некои пак предлагаат други начини на спроведување на третманот. Пренесените изјави недвосмислено ја отсликуваат негрижата на локалните власти за дел од нивното население на кое му е потребна медицинска грижа[87].

### 3. 3.4. Медиумско акцентирање на дискриминацијата врз хомосексуалците

Клучната констатација во насловот на написот „Против хомосексуалците 90% од граѓаните" (Вест, 23/24.05.2011) е изведена од податокот од анкетата на МЦМС дека „Хомосексуалноста во Македонија не ја оправдуваат 90% од граѓаните".
Заклучокот „Против хомосексуалците 90% од граѓаните" нема основа во резултатите од анкетата[88] ,па сензационалистичкиот наслов-заклучок може да се толкува како форма на argumentum ad populum. Притоа, воопшто не е јасно зошто токму процентот за хомосексуалците е акцентиран во насловот, кога од содржината е јасно дека анкетата покажува поголем процент неоправдување на други појави: „Според анкетата најголема неоправданост имаат самоубиството (98,5%), земањето лесни дроги (96,7%) и проституцијата (94,8%)."
Вадењето од контекст и акцентирањето на статистички податоци од анкети и истражувања, без никаков критички осврт на нив, честопати придонесува за зајакнување на негативните стереотипи и дискриминаторски ставови на хетеропатријархалното мнозинство кон сексуалните и други малцинства.



### 3.3.5. Медиумско минимизирање на насилството и делегитимирање на жртвите на насилство на „геј парадата" во Сплит

Написот „Прва, а можеби и последна геј парада во Сплит: Насилство со фашистички поздрави!" (Вечер, 12.6.2011) започнува со пренесување на следнава полициска статистика: „Во првата геј парадата, а можеби и последната што се одржува во Сплит, повредени се десетина лица од кои двајца полицајци и двајца новинари, а приведени се 137 лица од кои 25 се малолетници, соопшти локалната полиција, којашто успеа да спречи вистинско насилство и крвопроливање."

Со ваквото медиумско претставување, како жртви на насилство се потенцирани „двајца полицајци и двајца новинари", а се игнорира фактот дека главни жртви на насилството беа лицата со поинаква сексуална ориентација и оние кои го поддржаа нивното право на мирен собир и протест. Новинарот ја легитимира „локалната полиција, којашто успеа да спречи вистинско насилство и крвопроливање", сугерирајќи дека тоа што се случило не било „вистинско насилство и крвопролевање". Со ваквите стратегии, се минимизира дискриминацијата и насилството врз лицата кои го практикувале своето човеково право на мирен собир, а тие самите не се претставени како жртви, туку како поттикнувачи на насилството.

### 3. 3.6. Легитимирање на борбата против насилството врз хомосексуалците

Написот „Да престане насилството врз хомосексуалците" (Вест, 18.5.2011) започнува со констатацијата дека „Македонија е на самото дно од листата на европски земји во однос на почитувањето на еднаквоста на хомосексуалците". Текстот се осврнува на „уличната изложба на светскиот ден за борба против хомофобијата", објавувајќи фотографија со легенда: „Со фотографии во рацете на кои беше прикажано насилството што се врши врз оваа популација, беа повикани граѓаните да ги прифатат овие луѓе како еднакви".
Освен порталот „Окно", кој целосно ја покри изложбата („Интернационален ден за борба против хомофобијата и трансфобијата", 17.05.2011), неколку други медиуми фокусот го ставија на ироничното доделување на благодарници.[89]

**3. 3.7. Делегитимирање на метадонската терапија**

Во написот„Лутата жолта ја заменуваат со лесни дроги“ („Нова Македонија“, 28. 04. 2011) се пренесува следнава информација од полицијата: „Хероинот помалку се троши на црниот пазар во Тиквешијата. Според информации од полицијата, намалената побарувачка е поради отворањето на метадонскиот центар, каде што наркозависниците секојдневно добиваат бесплатна „терапија“.

Ставањето во наводници на зборот терапија го делегитимира лекувањето на зависноста со метадон, ја промовира метадонската терапија како замена на една дрога со друга и на тој начин ги делегитимира зависниците од дрога како пациенти. Ваквите аргументативни стратегии ги зајакнуваат негативните стереотипи кон зависниците од дрога како „криминалци“, ја поттикнуваат дискриминацијата кон пациентите на метадонска терапија, и ги подриваат медицинските напори за нивно успешно лекување.

**3. 3.8. Обид за медиумско легитимирање на хомофобија**

Во написот „Седмо издание на „мото-фестивал“ во Скопје: Кале ќе грми со мотори и со музика“ (Време, 10.06.2011), во поднасловот „Не дискриминираме, тоа се пораки и шеги“, новинарката му дава простор на организаторот на фестивалот да ги „објасни“ знаците на плакатот на кој „се забранува геј-секс, говеда, кучиња“. Според новинарката, организаторот објаснил дека „знаковите кои се поставени на овој плакат немаат цел да дискриминираат, туку треба да пренесат порака но и шега“: „Знакот кој одредени луѓе го протолкуваа како хомофобичен треба да покаже дека на овој настан луѓето мора да се однесуваат долично. Ние немаме намера да се мешаме во нечија интима“.

Врамувањето „Не дискриминираме, тоа се пораки и шеги“ ја привилегира и легитимира гледната точка на организаторот на фестивалот, кому не му е првпат да објавува дискриминаторски и хомофобични содржини на плакатот[90] . Практично, дискриминацијата се легитимира со тоа што чинот на дискриминација се претвора во „шега“, а притоа се игнорираа официјалната реакција



на Градот Скопје, кој „по објавувањето на промотивните плакати за мотофестивалот веднаш реагираше до организаторот на манифестацијата со барање да се отстранат наведените примери на дискриминација“.

**3. 3.9. Медиумско фокусирање врз дискриминацијата и насилството врз транссексуалците**

По насловната животна приказна „Тетовец е првиот Македонец кој ќе го смени полот: Ако не станам жена, ќе се самоубијам“ (Вест, 22.08.2011), беше објавено продолжение „Насилство врз првиот македонски транссексуалец кој јавно проговори дека од маж сака да стане жена: Ивана претепана во парк во Тетово“ („Вест“, 31.08.2011). Во првиот напис новинарката се фокусира на проблемот на дискриминацијата, а во вториот на проблемот на насилството кое се случува по објавувањето на ударната сторија: „Транссексуалецот од Тетово, кој под псевдонимот Ивана за “Вест” ја раскажа својата животна приказна, брутално е претепан во парк во Тетово.“ Иако СВР Тетово потврдува дека „лицето што го нарекуваме со псевдонимот Ивана... било претепано“ и дека „напаѓачот го признал инцидентот“, сепак, во написот се легитимира и полициското објаснување дека „осомничениот за насилството“ имал „мотив за тепачката“.

Коалицијата ги поздравува новинарските настојувања за обезбедување на полициска заштита на припадниците на маргинализираните групи во случаи на насилство.

**3. 3.10. Делегетимирање на хомофобијата**

Во прилогот „Власта уверена дека хомосексуалноста е болест“ (Фокус, април) авторката се обидува да аргументира во прилог на тезата дека не е хомосексуалноста опасна за личноста, туку дека општеството е опасно за здравјето на ЛГБТ граѓаните. Аргументативната стратегија на авторката е со помош на научни аргументи да ја патологизира агресивната политичка волја која настојува да ја патологизира хомосексуалноста, исто така со помош на научни аргументи[91].

**3. 3.11. „Благодарница“ од Јанко Илковски**

Поводот за пишувањето на колумната „Спасиба“ е ироничната благодарница што Коалицијата му ја додели на авторот Јанко Илковски за најдобра колумна во која ја брани „каузата државата да ги партиципира операциите за промена на полот“, за колумната „Лепа Брена мења пол“. Како иронична реакција, колумната се обидува да го омаловажи процесот на политизација на сексуалната ориентација со помош на неколку шеми на аргументација:

1. Фактот што на акцијата на 17-ти мај на плоштад Македонија дошле помалку геј луѓе од колку што тој лично ги познава, авторот на колумната го користи како доказ за недостатокот на проблеми на ЛГБТ луѓето во Македонија[92].

2. Сексуалната ориентација не е јавно, туку приватно прашање: „Го прашувам мојот пријател геј кој со дечкото седи на иста маса со мене, зошто не иде да протестира. Ми вели Ти, бре, нормален си? Срамота е и некултурно јавно некому кажувам што правам во спална, тоа е моја работа.”

3. Хомосексуалците (пријателите на авторот) немаат потреба од активисти и видливост затоа што: а) законот важи за сите („Права на суд, кој згреши, нека му пресудат, па нели законот е еднаков за сите?”); б) не сакале да бидат политички искористени и изманипулирани („„...не сме будали да бидеме во нечија агенда, па не сме толку глупави.”).

За поисцрпна дискурзивна анализа на аргументативните стратегии на Илковски (обидот да го делегитимира ЛГБТ-активизмот, и притоа да ја легитимира сопствената хомофобичност) во анализата „Де/легитимација на активизмот и дилемата за интеграција или асимилација”.

## ЗАБЕЛЕШКИ

[1]Од телевизии: А1, Сител, Канал 5, Алфа, Телма, Алсат, МТВ 1 и МТВ 2 , како и веб сајтовите кои имаа објавено вест поврзана со нашите теми на интерес. Од печатените медиуми беа набљудувани дневните весници Дневник, Утрински весник, Вест, Нова Макеоднија, Вечер, Шпиц и Време и неделниците Форум, Фокус, и Глобус.

[2] Погледни во одделот за референцијални и предикативни стратегии кај *Reisigl & Wodak, 2001, Discourse and discrimination: Rhetorics of racism and Anti-Semitism,* Routledge, p. 45.

[3] Дел од новинарите кои учествуваа на првата фокус група го истакнаа лицемерието кај уредниците, но и новинарите во однос на „политичката коректност". Имено, според нив, некои новинари и уредници професионално се придржуваат до стандардите кога се пишува за овие теми, но нивниот приватен став е сосема поинаков, најчесто нетолерантен и дискриминациски. Токму поради тоа многу ретко во медиумите се истражува или посуштински се разгледуваат теми поврзани со маргинализираните групи.

[4]„Скоп¬је нема дневни центри за третман на наркозависниците".

[5] „Наркоманијата во тетовско е во пораст, а опаѓа и старосната граница."

[6] „Најголем пораст на наркозависници има кај 18-годишници, што е навистина загрижувачко. Едно дете нема ни 15 години, а 9 лица се малолетни на возраст од 15 до 17 години. Од вкупно 912 лица, 564 се Македонци, 222 Албанци и 130 од останатите националности. Најмногу се користи хероин", вели Виолета Богдановска, началничка на Одделението за превенција при СВР Куманово."

[7] „Количеството на запленетите наркотици во Скопје е сигнал дека полицијата малку успева да открие и да спречи препродавање дрога, велат од невладините организации за борба против наркоманијата"

[8] „Недостигаат организиран системски приод на проблемот и координираност и комуникација помеѓу институциите и невладините организации за борба против наркоманијата." (Кети Тодорова, „Доверба").

[9] Зависноста од droги не е кривично дело туку болест на зависност сместена во класификацијата на болести според Светската здравствена организација.

[10] Зависниците од дрога се лица на кои им е потребна здравствена заштита и не смее да се поистоветуваат со лица кои вршат кривично дело- неовластено производство и пуштање во промет на дрога.

[11]„Најден првиот педер", http://www.taratur.com/node/22342

[12] Но, во друг напис, наместо терминот „трансвестит" се споменува терминот „трансексуалец" („Во енеолитски гроб пронајдени остатоци на хомосексуалец или трансексуалец", http://www.mia.com.mk/default.aspx?vId=82673000&lId=1&pmId=.)

[13] Колумната е објавена во екот на предизборната кампања, со намера да се оцрни лидерот на опозицијата и неговите хетеро-сексистички испади за време на кампањата.

[14] „Па еднаш, замалку ќе бев жртва на топли браќа."... „Ме свести еден домицилен белграѓанин, фаца пар-екселанс кој беше најинформираниот мадефакер кој го знам. Ми објасни дека дечките на Гадафи се хомоси, скоро сите до еден." (Јанко ИЛКОВСКИ, „Либиска приказна од војска", http://www.vecer.com.mk/default.asp?ItemID=190E51568DC286418CC8C262BE029C6D).

[15] „Не би и простил ни на Дана", Вест, 9 мај 2011. Етикетата травестит се среќава и во прилогот „Дана Интернешенл - дали повторно ќе и успее?", А1, 10.03.2011: „Како и да е, никој веќе нема да биде шокиран од моментот - травестит на Евросонг."

[16] Курир, 16 Јули 2011, http://www.kurir.mk/magazin/scena/36517-Video-Eva-Longorija-e-lezbejka

[17] Вечер, 8 јуни 2011.

[18] Нова Македонија, 8 јуни 2011.

[19] Еден новинар укажа дека терминот „курви" ги означува само сексуалните работнички од отворената сцена, односно од улиците, а кога се мисли на сексуални работнички од затворените сцени чии услуги се значително поскапи тогаш се употребуваат термини како „ВИП проституција", „проститутки" и слично.

[20] Во почетокот на написот дознаваме дека „Две маскирани лица завчера попладнето упаднале во стан во скопски Карпош и претепале неколку млади девојки, кои, раскрвавени, почнале панично да бегаат од станот и да бараат помош од полицијата која веднаш пристигнала во зградата и утврдила дека нападнатите, всушност, се сексуални работнички што им ги давале сексуалните услуги на клиенти кои им ги наоѓала мадам Елизабета Е. (37) од Гостивар."

[21] „Дневник", 22.06.2011, стр. 10 (Хроника)

[22] На пример: „Nejsi ovaja mlada zena je mlogo poevtina od mojata supruga koja mija zema cela plata a ponekogas pomunuvam i CEL MESEC BEZ SEKS."; „Ako ne i platis na prostitutka, dali e toa grabez ili siluvanje?"; „Човек како што се плаши од власта,така треба да се плаши и од проститутка,незнаиш што може да ти напраи." (коментарите се пренесени без редакција).

[23] На пример: „Постои ли казна за овие насилници?! Девојката го избрала да го работи тоа што го работи и без недолични коментари ве молам. Правото на избор на професија не ви дозволува некому да судите. Гледајте си по дома, можеби сопругите ви ги задоволуваат комшиите и тоа без пари! Sex Work is Work!“

[24] Всушност се работи за следнава изјава: „...women should avoid dressing like sluts in order not to be victimised.” (http://www.bbc.co.uk/news/world-us-canada-13320785) Во написот „„Проститутки“ на протест“ (Шпиц, 21.06.2011), изјавата се парафразира вака: „оценил дека жените во помала мера би биле жртви на сексуално насилство – доколку „не се облекуваат како проститутки“.

[25] Вечер, 4 јули, 2011, стр. 12 – Црна хроника.

[26] Исклучок претставуваат лекарите: „вирусните инфекции како оние предизвикани од хуман имунодефицитарен вирус (ХИВ)...“ („Болести што се пренесуваат со сексуален контакт“, Нова Македонија, 07.06.2011, стр. 30 (Дерматологија, д-р Гордана Дубровиќ Стојановиќ, специјалист дерматовенеролог)).

[27] Значењето на акронимот СИДА е објаснето само во еден контекст: „Поради непостоењето соодветен третман и терапија за ХИВ се до 2005 година, голем дел од овие луѓе починале од болести карактеристични за синдромот на стекнат имунолошки недостаток (СИДА).“ („Желбата за живот е посилна од стравот од смрт“, 24 часа здравје, 16.05.2011, стр. 8.)

[28] „Со ХИВ расте опасноста од срцеви болести“, А1, 27.04.2011

[29] „Болните од ХИВ и од сида се дискриминирани“, Нова Македонија, 17.05.2011, стр. 7

[30] Новинарите нагласија дека за овие теми секогаш има расположение да се пишува доколку се обезбеди да зборува припадник на целната група чии човекови права се прекршени. Меѓутоа, тие не се толку мотивирани да објавуваат позитивни или успешни животни приказни на овие лица. „Само лошата вест се продава“- изјави еден од новинарите. На тој начин новинарите свесно ги оддржуваат негативните стереотипи за припадниците на маргинализираните групи.

[31] Според нив, сензационалистичкиот пристап најмногу се користи во насловите кои имаат за цел да ја продадат приказната, додека во текстот сензационалистичкиот пристап може да се избегне: „насловот мора да биде сензационалистички за да ја продаде приказната кај публиката“ (фокус групи со новинари).

[32] Сензационалистичкиот наслов воопшто не соодветствува на содржината на текстот, во кој главно се анализираат најразлични одговори на прашањата поставени до кандидатката за премиерка на СДСМ на нејзината Facebook страница. Единствено во една реченица се споменува дека „Шеќеринска ветува независно судство, опфаќање и на хомосексуалците во законот за антидискриминација, но не ветува отворање на фабрики туку единствено да им помогне на оние кои тоа го прават.“

[33] Сензационалистичкото претставување на Дана како да е сеуште маж („...всушност, се вика Јарон Коен“) продолжува и во текстот „Израелската претставничка на Евросонг спобудале по Македонците: Дана го сака Влатко ама им праќа бакнежи на танчерите“ („Вест“, 11.05.2011).

[34] Вест, 04.04.2011 година, рубрика Црна хроника. Написот ја покрива кумановската трибина “Младите против дрогата” и завршува со реченицата „за последните 10 години во Куманово од предозираност починале околу стотина регистрирани наркозависници“.

[35] Време, на 20. 04. 2011, во рубриката Хроника. Во овој напис доминира дискурсот на страв и шок кој дополнително емотивно е зајакнат со поврзувањето на овој проблем токму со младата популација. Во написот воопшто не се тематизираат можностите за лекување на зависноста.

[36] Според Mei Li Lean, „претставувањето на СИДА внесе многу страв кај читателите заради две главни причини: за да се едуцира јавноста користејќи тактики на страв, и за да се охрабрат луѓето да ги променат нивните сексуални животни стилови“ ( Mei Li Lean, „AIDS and its Associates: A Discourse Representation of the Disease, Critical Approaches to Discourse Analysis Across Disciplines“, 1 (1): 19-35, p. 23).

[37] „Со ХИВ расте опасноста од срцеви болести“, А1, 27.04.2011

[38] Погоре во текстот е дадена информација дека станува збор за истражување спроведено врз 8.500 возрасни лица, а воопшто не е дадена информација колку проценти изнесува 186 од 8.500 (околу 2.2%).

[39] Дека пациентот Тимоти Реј Браун „се излекувал“ по успешно трансплантирана коскена срцевина (која „се зема од лице кое е имуно на овој вирус [ХИВ] и се трансплантира на заболениот од сида“).

[40] Со ретки исклучоци (како агенцијата Макфакс и „Глас на Америка“) медиумите ја игнорираа пораката на Хелсиншкиот комитет дека „Неспоиви се нашите стремежи за полноправно членство во Европската Унија и коефициент од -2 во Индексот и Мапата на ИЛГА Европа, коефициент кој не става во иста категорија со државите од блискиот и далечниот исток“.

[41]„Претставен извештајот за дискриминацијата на ЛГБТ-популацијата: Стразбур против половото жигосување“, Дневник, 23.06.2011.
[42] *Центарот за зависници ќе се сели во Бардовци*, Вест, 19.04.2011, рубрика Скопје, *Зависниците од Кисела Вода ќе се селат во Бардовци*, Шпиц, 19.04.2011, рубрика Скопје, *Ќе се дислоцира болницата за зависници*, Утрински весник, 19.04.2011, рубрика Скопје, *Изборите ги размрдаа и општините,* Време, 19.04.2011, рубрика Скопје, *Болницата за зависници ќе се дислоцира од Кисела Вода,* Нова Македонија, 19.04.2011, рубрика Скопје, *Од зависниците бегаат како од чума*, Време, 05.05.2011, рубрика Скопје, *Кисела Вода се откажа од центарот за зависници во „11 Октомври“,* Дневник, 05.05.2011, рубрика Метропола...
[43] „Граѓаните од Кисела Вода со петиција против дневен центар: Зависниците подалеку од градинка“, Време, 04.05.2011
[44] *Од зависниците бегаат како од чума*, Време, 05.05.2011, рубрика Скопје.
[45] *Почина уште еден затвореник во Идризово,* Шпиц, 22-25 април 2011, рубрика Хроника
[46] *Почина осуденик во Идризово,* Утрински Весник, 21-22 април 2011, рубрика Хроника
[47] *Кој му даде дрога на син ми во затвор, кој го уби?*, Шпиц, 17 мај 2011, рубрика Хроника
[48] *Умрел затвореник,* Време, 8 јуни 2011, рубрика Хроника
[49] *Почина затвореник,* Вечер, 8 јуни 2011, рубрика Црна хроника
[50] *Почина затвореник во „Идризово“,* Утрински Весник, 8 јуни 2011, рубрика Хроника
[51] *Затвореник почина во Идризово,* Дневник, 8 јуни 2011, рубрика Хроника
[52] *Почина затвореник во Идризово,* Нова Македонија, 8 јуни 2011, рубрика Хроника
[53] *Почина 29 годишен затвореник,* Лајм, 8 јуни 2011, рубрика Македонија
[54] *Еден затвореник почина во затвор*, Коха, 8 јуни 2011, рубрика Актуелно и *Почина од прекумерна доза*, Коха, 9 јуни 2011, рубрика Актуелно
[55] Во двата случаи објаснувањата за смртта се идентични, односно официјалните извештаа говорат дека во одредено време и на двајцата затвореници им се слошило и биле префрлени во Ургентниот центар во Скопје каде што е констатирана смрт. Единствено весникот „Шпиц“ објави интервју со таткото на еден од починатите затвореници кој побара одговор на прашањето: *„Кој му даде дрога на син ми во затвор, кој го уби?“* (Шпиц, 17 мај 2011, рубрика Хроника).

[56] Единствено во написот објавен во Шпиц („Почина уште ден затвореник во Идризово“) освен официјалната изјава на Управата за извршување санкции се цитираат и некои затвореници според кои осуденикот починал поради ненавремено пружање на медицинска помош, а во написот во „Коха“ („Еден затвореник почина во затвор“) новинарот се повикува на „неофицијални извори од затворот“ според кои постои сомневање дека осуденикот „се предозирал со таблетите кои му биле дадени како терапија и дека починал“.
[57] „Првпат внимание за прашањето на ХИВ на највисоко ниво“, („Нова Македонија“, 7.7.2011), по повод колумната „Македонија е подготвена да придонесе кон глобалните напори за справување со сидата“ („Нова Македонија“, 27.06.2011).
[58] „...ограничен број на достапни тераписки можности, често отсуство на тестови за следење на инфекцијата... значителен број случаи на дискриминација, па и на неукажување медицинска нега од страна на приватни и државни здравствени установи и случаи на дискриминација од страна на други државни институции...“
[59] „Исповед: живеење со СИДА – Желбата за живот е посилна од стравот од смрт“ (24 часа здравје, 16.05.2011, стр. 8-9). „Да се ослободиме од предрасудите: „Ние не сме чума“ (24 часа здравје, 23.05.2011, стр. 9).
[60] Еден новинар истакна дека токму извештаите на МВР понекогаш ги истакнуваат негативните стереотипи врзани за оваа категорија на луѓе, односно дека често во изјавите на портапаролите на МВР се истакнува дека овие лица се опасни, дека се насилници, но и дека тие потекнуваат од дисфункционални семејства.
[61] Во табелата „Видови прекршоци против јавниот ред и мир за кои се поднесени барања за поведување прекршочна постапка во периодот 2001-2010 година“, во графата за „Оддавање, наведување или посредување при проституција чл.19“ за 2010 има само еден случај.
[62] За жал, поголем дел од новинарите воопшто не си го поставиле прашањето врз основа на кои надлежности вработените од МВР даваат медицински информации за регистрирани зависници, и зошто таквите информации не ги дава Министерството за здравство (резултати од фокус групи).
[63] За редакциско патологизирање на хомосексуалноста во Македонија, како повод послужија и резултатите од едно истражување во Хрватска: „Истражување меѓу средношколците: Хомосексуалноста е болест, мнозинството против влез во ЕУ“ (Вечер, 22 ноември 2010).

[64] На пример: „Професорките го изгубија спорот со колумнистката Ирена Цветковиќ: Нема клевета во хомофобични цитати од учебник“ (Вест, 10.03.2011).

[65] „Комисијата за заштита од дискриминација бара итно да се измени учебникот по Педагогија за трета година. Во него пишува дека хомосексуалноста е болест, а осветн тоа се етикетираат луѓето со оваа сексуална ориентација.“ (Телма, Во учебник по педагогија хомосексуалноста – болест, 18.07.2011)

[66] На пример „К.З.Д: Итна ревизија на учебникот „Педагогија (за трета година)“ (Макфакс, А1)), „Да се смени учебникот по педагогија за 3-та година поради дискриминација на хомосексуалците“ (Канал 5), Учебникот Педагогија да се смени оти хомосексуалците ги прави изопачени (ПЛУС ИНФО).

[67] За жал, електронските медиуми овозможуваат објавување на агресивни хомофобични коментари во кои се патологизираат хомосексуалците.

[68] Станува збор за стручно лице кое објавува статии во подлисток „Живот“, рубрика „Здравје“ (Вест, 03.06.2011) http://www.vest.com.mk/default.asp?ItemID=6C53A4A8037A924D834A348CC2CEBAFC. Во статијата „Побарајте стручна помош“ (24 часа здравје, 18.04.2011) истата авторка експлицитно одговара дека „хомосексуалноста не е болест и, според тоа, не се лекува“. На лицето кое изјавува дека чувствува страв дека е хомосексуалец и кое прашува „Ако по некој случај се воспостави дека сум хомосексуалец, дали тоа се лекува?“, му дава совет да побара помош од психолог.

[69] Повеќе за овој напис видете во студијата на Станимир Панајотов „De/legitimization of Activism and the Dilemma of Integration or Assimilation“.

[70] „Раните извештаи за СИДА ги натераа многумина читатели да поверуваат дека станува збор з амногу заразна болест и дека се пренесува како грипот“ (Mei Li Lean, „AIDS and its Associates: A Discourse Representation of the Disease, Critical Approaches to Discourse Analysis Across Disciplines“, 1 (1): 19-35, p. 27).

[71] 24 часа здравје, 23.05.2011, стр. 9

[72] „Болести што се пренесуваат со сексуален контакт“, Нова Македонија, 07.06.2011, стр. 30 (Дерматологија, д-р Гордана Дубровиќ Стојановиќ, специјалист дерматовенеролог)

[73] „Со кондом за здравје“ (Рок пејачката Дани Димитровска со личен пример во кампањата против СИДА), Вест, 5 јули 2011, стр. 21 (рубрика „Секси ќоше“)

[74] На пример, изјавата во написот „Да се ослободиме од предрасудите: „Ние не сме чума““.24 часа здравје, 23.05.201: „- Во еден однос помеѓу ХИВ-позитивно и ХИВ-негативно лице, одговорноста за користење на кондом ја делат и двете страни.“ Во истиот напис, новинарката дава можност да се чуе гласот на лицата што живеат со ХИВ, и јавно да се споделат нивните грижи во случај на незаштитен однос: „Можеби ќе звучи чудно, но токму ХИВ-позитивните се наоѓаат во посериозен ризик поради можноста од коинфекција со други причинители на заразни болести, како и од реинфекција со друг поттип на ХИВ, што може сериозно да го наруши здравјето и да го отежни лекувањето, вели Александар, кој е координатор на групата за поддршка и самопомош на лицата со ХИВ „Заедно посилни“, во рамки на невладината организација ХЕРА.“

[75] „Неприродно е да има брак меѓу луѓе од ист пол и општеството, државата треба да ги згрижи хомосексуалците, вели дедо Стефан.“ – „Општеството да ги згрижи хомосексуалците - предлага Архиепископот“, http://www.kanal5.com.mk/default.aspx?mId=37&eventId=69628

[76] Во насловот на текстот е истакнато патологизирањето на хомосексуалноста од МПЦ-ПОА, со образложение дека „Со посветеност кон Бога и со молитви може да се надмине хомосексуализмот, што претставува болест на страстите“ и дека „Постојат многу примери на луѓе што со помош на вербата во Бога веќе не се свртени кон истиот пол. “ Од друга страна, изјавата на „Кочо Андоновски од Хелсиншкиот комитет е ставена како поднаслов: „Доколку МПЦ-ОА се нуди да излечи некого од нешто, тогаш се претставува како надрилекар, а тоа според нашиот правен систем претставува кривично дело“.

[77] Во посланието, Митрополитот Петар предупредува дека „Живееме во опасни и тешки времиња на глобализација, кога се газат и основните човечки права...“, а притоа „со закон се дозволува да се спречува животот – бременоста; да се убиваат децата во утробите на мајките; да се случуваат неприродни – хомосексуални бракови; хомосексуалците да посвојуваат деца; на зависниците да им се дозволува во мали количини употреба на дрога; зависниците да не одговараат за престапите; да се толерира педофилството и семејното насилство...“ Велигденско послание – Митрополит Петар, http://www.mpceanz.org.au/veligdenska-poslanica-2011/

[78] *Свети Георгиј Победоносец лекува наркозависнички,* Нова Македонија, 24 јуни 2011, рубрика Хроника

[79] „Ова древно светилиште што како втор кораб ги отвара своите врати за да ги спаси младите од „потопот“...“

[80] „Кога слушнав од еден свој пријател за манастиров помислив дека е клиника и искрено бев скептична. Тука ми ги отворија очите. Тука воскреснав...“

[81] „Тука се запознаваат со тоа што е грев и се запознаваат со големата божја милост. Им помагаме да се спознаат себеси и да ја спознаат темната страна на личноста и да почувствуваат покајание, да зажалат што тоа го направиле. Ги подготвуваме да го сфатат тоа преку откривање на суштината на гревот и приближување до бога.“

[82] Според Член 209 од кривичниот законик, „Тој што без пропишана стручна подготовка се занимава со лекување или со давање медицинска помош, ќе се казни со затвор до една година и со парична казна.“

[83] Пратеникот Ѓорчев во Кочани - Спортската сала во „Никола Карев“ ќе биде готова до септември, http://radiokocani.com/: „Додека едни се залгаат за легализација на дрогата ние нудиме алтернативни решенија за елимирање на овој порок. Со изградба на спортски објекти да ги насочиме најмладите кон вистинските вредности.“

[84] „Топосот на финансии може да се опише со следново правило на заклучување: ако специфична ситуација или акција чини премногу пари или причинува загуба на данок, тогаш треба да преземаме акции што ги намалуваат трошоците или помагаат да се избегне загубата“ (Reisigl & Wodak, 2001, *Discourse and discrimination: Rhetorics of racism and Anti-Semitism,* Routledge, p. 78)

[85] Пред се, за човековите права на сексуалните работници, чии аргументи се игнорирани, иако станува збор за прашање кое непосредно ги засега.

[86] Оваа шема може да се сумира преку следнава формула: „бидејќи државата или група лица е одговорна за јавувањето на извесни проблеми, таа или тие треба да дејствуваат за да пронајдат решенија за овие проблеми“.

[87] Новинарката на крај на сите градоначалници им поставува едно многу важно прашање: „Колку од нивните жители се регистрирани наркозависници?“ Ниту еден од градоначалниците не успева да одговори, што уште повеќе ја потенцира негрижата, но и игнорантскиот однос на локалните власти кон лицата што се лекуваат од зависност. Написот завршува нетенденциозно, поентирајќи дека во метрополата постојат регистрирани 5035 зависници од дроги и само две установи кадешто зависниците добиваат терапија.

[88] Затоа што во овој контекст не станува збор за прашање кое се однесува на хомосексуалците, туку на хомосексуалноста, а граѓаните не се прашувани дали се за или против, туку дали оправдуваат или не оправдуваат.

[89] „Доделени македонските „геј френдли“ благодарници“ (А1 - 17.05.2011); „„Благодарница“ за колумната на Јанко Илкоски – „Лепа Брена мења пол““ (+инфо - 17.05.2011), „Ламбе доби „геј френдли“ благодарница (Press24 - 17.05.2011)“.

[90] Минатата година, на постерот имаше дискриминаторска порака „Забрането за педераси“, која беше повлечена со јавно кинење на плакатот пред новинарите, по реакцијата на Коалицијата.

[91] Повеќе, видете во статијата „ Де/легитимација на активизмот и дилемата за интеграција или асимилација”.

[92] „...како тоа лажните и декларативните душебрижници за правата на геј популацијата не можат да соберат повеќе геј популација дури и на митинг, а камо ли на вакви настани, одошто јас лично познавам и имам пријатели од геј средината? Каде се оние силни музичари, манекени, стилисти, уметници кои лично ги познавам, кои се геј, а не ви даваат поддршка?“

# Де/легитимација на активизмот и дилемата за интеграција или асимилација

*Претставување на ЛГБТ-лицата во македонските медиуми (април-јуни 2011): Општи услови и студии на случај*

***Станимир Панајотов***

## Општи тенденции во периодот на набљудување на медиумите

Во овој текст ги разгледувам и традиционалните (печатени) и новите (електронски) медиуми во дадениот период, како и начинот на кој двата типа на медиуми претендираат да ги прикажуваат и коментираат темите поврзани со сексуалните разлики и со ненормативните сексуалности. Преку методот на дискурзивна анализа (*Fairclough*), со цел да се анализира нивото на прогрес или опаѓање при известувањето за хомосексуалноста и „нехетеросексуалноста“, се обидувам да ја разоткријам колективната шема и преокупација во начинот на кој медиумите ја рефлектираат сексуалната разлика. Специфичниот тек на анализата на која работев ги вклучува начините на кои сексуалната ориентација е де/легитимизирана и начините како тоа се поврзува со видливоста на ЛГБТ-лицата во македонското општество. Вклучени се и аналитички студии на случај од неколку написи што користат стратегии за политичка делегитимација и еден блог кој, од друга страна, открива спротивни политички гледишта со цел *политички* да се легитимира самата идеја за рамноправно сексуално граѓанство.[93]

Додека во повеќето земји од регионот, и пошироко во Европа, каузата на ЛГБТ-активизмот се воспоставува, или со дејствување „во рамките на дискурсот и борба за права“, или со „негирање на претпоставките на дискурсот во целост“ (Downing and Gillett 2011: 2), а понекогаш со обете, се чини дека, македонските медиуми, периодов, не поддржуваат ниту една од двете наведени стратегии. Главно, тие се однесуваат на поинаков, и донекаде неочекуван, начин: отстапуваат место на широк спектар на хомофобични стојалишта, иако со понизок интензитет, прикривајќи го ова под знакот на „медиумски плурализам“, којшто, пак, има ефект на целосно релативизирање



на споменатиот општествен проблем - хомофобијата и ефективната политика на исклучување на сексуалното граѓанство од тековната политичка агенда во Р. Македонија. Згора на тоа, дел од написите што ги анализирав откриваат дека удобниот став на релативизирање и затскривање на темите поврзани со ЛГБТ е, помалку или повеќе, суштински претставен во рамките на медиумскиот простор.

Со присуството на експертски став во македонските медиуми и начинот на кој тие ги претставуваат ЛГБТ-лицата и известуваат за нив, постојат издржливи докази дека квалитетот на содржината варира во голема мера. Досега, извршените анализи (види Коалиција, 2011 год.)[94] покажуваат дека медиумите (особено таканаречените „традиционални медиуми“) потклекнуваат пред генералните гледишта и стереотипи[95] за ЛГБТ-лицата и се склони да ги репродуцираат без критички осврт на вистината, без проценка, без приговор и без нивна деконструкција (без оглед на тоа дали постои де факто редовно преклопување на нивниот сопствен јазик со реалноста за која тврдат дека ја претставуваат). Досегашната општа тенденција дава простор за искажување на сопствените лични мислења, како јавно согледување (или поуки); поддржува негативни, „хиперсексуални“ претстави за ЛГБТ-лицата на субјективно ниво и без никаква критика ги соединува ЛГБТ-лицата (поточно поборниците за нивните права) со политичката опозиција во земјата. Во сензационалистички наслови што имаат многу малку заедничко со сексуалните разлики, овој мотив повторно се појавува во различни пригоди (дали во областа на забавата или политиката)[96] и затоа е постојан во текот на моето набљудување на медиумите во споменатиот период.

Наспроти ова, за време на набљудување на медиумите во споменатиот период (април-јуни, 2011 г.), постои уште еден генерализиран аспект што треба да се спомене: македонските медиуми покажуваат постојан интерес за известувањето за теми поврзани со ЛГБТ-лицата, и на домашен и на меѓународен план (секако на селективен начин). Се чини дека медиумите се свесни дека темата за сексуалната разлика / хомосексуалноста е меѓу најкритичните теми, и токму неа ја искористуваат, со цел, да бидат прифатени како професионалци што се во тек со случувањата. Она што ги одредува како професионалци, секако не е фактот дека континуирано известуваат

за овие прашања. Можеме да кажеме дека постојат многу малку примери што ја потврдуваат постојаната уредничка политика на оваа тема. Се чини дека не постои разлика во споредба со набљудувањето во 2010 година во однос на прашањето како медиумите ги претставуваат ЛГБТ-лицата. На пример, медиум кој традиционално нуди прогресивен став на поддржување и вклучување на ЛГБТ-лицата (во сите сфери на општеството) е „Форум", додека на спротивната страна се наоѓа „Вечер". Врз основа на анализираните прилози во споменатиот период, не постои издржлив доказ дека, во споредба со минатото, се променети уредничката политика и тенденциите при известувањето за ЛГБТ-темите.

Не треба безрезервно да ги оптовариме медиумите со преиспитување на нивната субјективност во однос на „значајните" теми поврзани со ЛГБТ-лицата. Но, треба да се забележи дека она што недостасува во одреден дискурс (за дискурс и анализа на дискурсот, види: Kuhar 2003: 17) е способноста самиот да биде дефиниран, што е случај во македонските медиуми. Постои идеолошки клучен момент во она што недостасува, бидејќи „дискурзивните практики понекогаш имаат клучни идеолошки ефекти" (Fairclough and Wodak 1997: 258), а она што недостасува е токму ваквиот ефект. Во нашиот случај известувањето за одредени настани и неизвестувањето за други може да „создаде и репродуцира нееднакви релации на моќ, на пример, меѓу социјалните класи, меѓу жените и мажите" (ibid.), вклучувајќи ги и сексуалните малцинства. Со оглед на тоа што медиумскиот дискурс е секогаш селективен, она што недостасува му дава слобода да биде критички расположен и здраворазумски, или во краен случај „неутрален", исто како кога претставувањето е во ефект, па „дискурсот може да биде, на пример, расистички или сексистички и да помине како претпоставка (често лажна) за кој било аспект од социјалниот живот како чист здрав разум."

При нивната селективност (што не треба предвремено да се критикува), поголемиот дел од медиумите претпочитаат едноставно да ја пренесат и повторно да ја издадат информацијата преземена од меѓународната размена на информации, само со нејзино преведување (затоа, поважно е да се размисли на каков начин медиумите ги селектирале настаните во текот на мониторираниот период, отколку да се праша дали навистина самите ги селектирале). За релевантните настани што доминираат во споменатиот период, на домашен и на меѓународен план,[97] известуваат поголемиот дел од медиумите. Од аспект на квантитетот, повеќето од (дневните) медиуми нудат информации за овие настани; а, сепак, од аспект на квалитетот, тие ги покриваат истите информации, кои, се чини, ги копираат едни од други, со многу мали или со незабележливи разлики. Коментарите на новинарите, на државните лидери, на креаторите на мислењето, и на едиторијалите за овие настани се ретки и речиси ги нема, а кога ги има, не се позитивни (напротив, коментарите во набљудуваниот период ги оставаат претставници со антигеј ставови, на пр. во „Вечер"). Всушност, може да се каже дека, кога се работи за *настани со дефинирана социјална засегнатост*, јавната свест што ја изнесуваат медиумите е резултат на репродуцираната информација од меѓународната размена на информации.[98] Надвор од досегот на засегнатите медиуми во периодот на набљудување останаа значајни настани и јавни изјави (како што е пресудата на Судот за случајот на Цветковиќ, во нејзина корист и значењето на оваа одлука, или критиката, од страна на европските парламентарци, на македонското антидискриминациско законодавство, од кое беше исклучена сексуалната ориентација како основа за дискриминација), што значи дека, или медиумите и нивните уреднички политики не се подготвени да препознаат „настан", или имаат недостиг на новинарски потенцијал за анализа на одредени случувања. Постои и трета можност што не треба да се исклучи: имено, дека потенцијалот на медиумите може да се дефинира со политичко содејство на власта и нивната неоконзервативна политика, дури и да постојат доволно критички новинарски извори и уредничка волја во македонските медиуми.[99] Всушност, доколку ги разгледаме како аналитички индикатор коментарите во медиумите, забележуваме дека ефектот е поголем кога даден медиум или новинар коментира на одредена тема или за тековен настан што има сензационалистичка или гернерализирачка вредност.[100] Така, се чини дека медиумите се однесуваат како да имаат капацитет и волја да понудат коментари (анализи), главно, кога темата за хомосексуалност го зголемува тиражот, или, пак, само нудат информации со цел да останат забележани како релевантни (за пазарната состојба како фактор за развојот на социјалната одговорност на медиумите, в. Bervar 2002: 21).

## Различни медиуми : различни преокупации?

Анализата е поделена на два дела: де/легитимизација од страна на новите медиуми и делегитимизација од страна на старите медиуми, но, и покрај тоа, направен е обид да се следи начинот на кој слични теми се коментирани на различни начини. Иако може да се каже дека и старите и новите медиуми имаат слични гледишта (врз основа на зацртаната содржина, во која се вклучени и написите и коментарите), основната разлика, која е причина за различниот тип на содржина (и аналитички производ), е тоа што, додека корисничките коментари во старите медиуми не го карактеризираат ставот на медиумот (освен начинот на кој се контролираат, ако воопшто се контролираат), јадрото на новите медиуми се базира врз коментарите и ставовите на корисниците. Втората важна разлика е тоа што, додека во старите медиуми содржината (барем уредничката) се врзува за авторитет, во новите медиуми е сè уште дискутибилно дали содржината е авторитативна, бидејќи, често, дискурсот и слободата на мислењето се тесно поврзани со независноста од авторитет (односно, онлајн корисниците, ако ништо друго, имаат неизјаснет, флексибилен став кон „авторитетите"). Гледано од овој аспект, во рамките на периодот на набљудување, двата вида на медиуми дадоа многу различни перспективи. Додека традиционалните медиуми можат да се карактеризираат со неутрални до непријателски ставови[101] (освен коментарите, од кои повеќето грубо ги осудуваат медиумите и општеството и ги оценуваат како конзервативни), новите опфаќаат цел спектар ставови - од афирмативни до негирачки. Поради овие причини најдобро е двата вида медиуми да се разгледуваат во релација, затоа што создаваат два различни вида типологија на ставови на изразување.

### 1. Политиката и делегитимирање на активизмот и еднаквоста

Не може да се каже дека во споменатиот период на набљудување доминирале одредени настани или теми поврзани со ЛГБТ-лицата. Поголемиот дел од материјалите се однесуваат на настани како што се прославата на Меѓународниот ден против хомофобијата и трансфобијата во Скопје, Евро-прајд во Рим, парадата во Сплит и др. Во таа смисла, дел од новинарското однесување во медиумите треба да се толкува во согласност со парламентарните избори веднаш по периодот



на набљудување. Сексуалната ориентација е линија на раздор во македонското општество и политика, но ова не беше во целост забележливо во медиумите, во споменатиот период.[102] Залагањето за еднакви права за ЛГБТ-лицата, вообичаено, се поврзува со опозиционата политичка партија СДСМ,[103] иако заклучоков не се засновува на одржлива политика, туку на повремено споменување на оваа тема при парламентарни дискусии и индивидуални изјаснувања. Бидејќи опозицијата е левичарски ориентирана, очекувано е да се залага за поширока општествена еднаквост, принципиелно, вклучувајќи ги и ЛГБТ-лицата. Сепак, поради недостигот на издржлив став, се чини сомнително тоа што опозицијата толку лесно се поврзува со агендата на ЛГБТ-лицата од страна на сите медиуми што нудат простор за реторика насочена против еднаквоста. Со самото тоа што поддршката на ЛГБТ-лицата од страна на СДСМ не е постојана, таа премногу лесно се израмнува со уделот на движењето што сè уште се наоѓа во зародиш, со оглед на тоа дека воопшто не постои политичка соработка меѓу споментатите. Според мене, станува збор за импликација дека споредувањето на политичката опозиција и движењето/активизмот е форма на делегитимизација и на опозицијата и на активизмот, тргнувајќи од неодамнешното владино пласирање на семејните вредности, неоконзервативизмот и национализмот.[104]

Најдобриот пример за таква асоцијативна опседнатост се текстовите на новинарот и креатор на јавното мислење, Јанко Илковски, во неговите колумни во „Вечер".Тие нудат проникливо откровение за тоа како македонското новинарство и креаторите на јавното мислење се во согласност со Европа, која „се труди да ја лимитира најзлокобната од своите последици, додека го одобрува мислењето што ги создава овие последици" (Downing & Gillet 2011: 2), а тоа е, всушност, конфликтот меѓу промените во менталитетот и неопходната транспозиција на законодавството на ЕУ. Во овој напис (но, и во други), авторот се труди да ја покаже политичката зависност меѓу активистите и опозицијата. Поводот за појавувањето на написот[105] (издавањето на годишниот извештај на Коалицијата 'Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници' за 2010 година и одржаната прес-конференција) нема ништо заедничко со идеологиите на која било партија во моментов. Во написот станува очигледно како човек може да се приклони кон идејата за уценување на политичките противници: бидејќи ова е точно, присутниот дискурс има многу малку заедничко со самата Коалиција, но сепак, мислењето на авторот е поврзано со

делегитимирањето на нејзините активности како неискрени и поврзани со политичка агенда.[106] Ова е постигнато со предлагањето на стереотипот за хомосексуалноста како родова трансгресија, иако на посуптилен начин, преку метонимички верига на асоцирање. Публикацијата е обременета со алузии што циркулираат околу презентацијата на извештајот, со обид да се извлече важност од деталите и тие да се претставаат како значајни факти. Симптоматична во овој материјал е паравоената реторика на „бранење на општеството од бранителите“. (Авторот нема намера да биде бранител на никој друг освен на ЛГБТ-лицата; всушност, авторот се обидува да докаже дека денешните бранители/активисти немаат никакво влијание ниту легитимност). Илковски прави паралела меѓу партиската идеологија на СДСМ и хомосексуалноста како трансгресија и маскарада. Ова е проследено со недостиг од суштина и од храброст во наведувањето дека хетеросексуалноста е бајрактарот на човековиот разум. Она што е уште позначајно е дека написот има за цел да ја претстави единствената организирана група за заштита на правата на сексуалните малцинства како инфериорна и недоволно способна да се справи со темите што ја засегаат - показниот јазик како што се атрибутите „блуден“ и „злобен” треба да ги деградираат ЛГБТ-лицата и да ги претставаат како манипулативни и управувани. Заради оваа „карактеристика“, Коалицијата се смета за политички зависна од денешната опозиција: се мисли дека залагањето за одбрана на интересите на сексуалните малцинства е само маска за да се извлече профит од нив. Конечниот заклучок би бил дека социјалните проблеми рефлектирани и анализирани од страна на Коалицијата се измислени споредни продукти на комерцијалната потткласа на самовработени активисти. Исто така, крајниот аргумент би бил дека активистите се еден вид надворешно (паразитско) тело во општеството, чија цел не е да им служат на оние што се дискриминирани, туку единствено на интересите на номенклатурата (технократската елита на политиката, која се појавува како модел за корупцијата на граѓанските активисти). Заклучокот е дека самата огранизација служи како данок за политичката мобилизираност на сексуалните малцинства. На крајот, авторот го предлага заклучокот дека напорите за претставување на прашањата на ЛГБТ-заедницата во јавноста се толку големи, што можеби се работи за финансиски интерес, кој ја движи напред таквата организација.[107] Така се внесува второ „туѓо“ тело: фигурата на основачите, која се смета за втората движечка сила (покрај политичката опозиција) на агендата на активистите.



Аргументот против организирано сексуалено дисидентство преку финансиска помош од страна на екстранационални тела е моќен и дефинитивно не е нов. Тој претставува уште една реакција и посебна локална форма за објаснување на нечија хомофобија. Заради слабата социјална поддршка во која се рефлектира стравот да не се биде означен како хомосексуалец или како некој што го поддржува ова гледиште (а во случајот на Македонија и политички обоен), многу лесно е да се наметне дека социјалната индиферентност и/или невидливост е природна состојба.[108] Ова се надоградува на фактот дека државата никогаш не ги решавала социјалните тензии поврзани со сексуалната ориентација и нејзината „контроверзност“. И таквиот аргумент не е нов во Македонија, и постојано се употребува за да се изделат прашањата за хомосексуалноста како нedржавни/противдржавни и како нелегитимни за социјалната агенда и политика на големо, препишувајќи му ги на политичкиот непријател и лишувајќи ги јавните активисти од тежината на нивната сопствена социјална вмешаност, а на тој начин проширувајќи го амбисот меѓу прифаќањето и агресивноста во општеството.

Во друга колумна[109] истиот автор ги напаѓа активистите. Испровоциран од здобивањето со „благодарница“ при годишното доделување на „геј-награди“ од страна на Коалицијата, Илковски зајадливо изнесува слични аргументи со цел да го делегитимизира социјалниот активизам во поголема мера. Не може да се рече дека авторот, всушност, зборува за постојна рамноправност или хомосексуалност, па дури и за постојни активисти. Сè е подложено на идејата дека активистите зависат од истата опсесија спомената погоре: политичката опозиција, која во умот на авторот е еднаква на сè, почнувајќи од предавниците до комунистите, до застапниците на антисемејните вредности. Припишувањето на особини како што се неразбирливоста и моралната/финансиската корупција на опозицијата и на активизмот, му одат во прилог на авторот кога тврди дека ова се начините на кои ќе го присилите суштински конзервативното општество да прифати сексуална разлика. Во согласност со ова, постојат три одредувачки аргументи што му одат во прилог на ставот против постоењето на политички активизам насочен кон прашања поврзани со сексуалноста.

Според прaвиот аргумент, недостигот од социјална поддршка (на пр., недостиг од граѓанско присуство, односно видлива поддршка на јавни случувања, како што е Меѓународниот ден

против хомофобијата и трансфобијата) не е резултат на страв (на пр., од тоа да се биде сметан за хомосексуалец) или резултат на внатрешна хомофобија. Според размислувањето на авторот, недостигот на поддршка го рефлектира фактот дека ЛГБТ-лицата во Македонија немаат значаен проблем со нетолерантноста и дискриминацијата. Згора на тоа, како втор аргумент, се јавува доказот за недостиг на ЛГБТ-теми во македонското општество, а тоа е наводниот факт дека „геј-пријателите на авторот" сметаат дека видливоста на хомосексуалноста е неприфатлива. Тоа што Илковски, и самиот, признава дека има геј-пријатели, без разлика дали е точно или не, е симптоматичен аргумент: авторот тврди дека *дури и* хомосексуалните мажи, како и останатите граѓани ги оспоруваат активностите и актвизимот за видливост на сексуалните малцинства во општеството и дека *дури и тој* има геј-пријатели. Ова, самото по себе, не го докажува недостатокот од вакви теми, туку го воведува, на чисто популистички начин, поимот на внатрешна хомофобија (дури и на него да се гледа само како на застапник на говорот на омраза - стратегија што уште повеќе ги делегимитира противниците), само затоа што тој имал геј-пријатели, кои самите се репресираат/асимилираат. Следствено, логична е сексуализацијата преку приватизација на сексуалната разлика: „Срамота е, и некултурно е јавно некому да кажувам што правам во спалната соба, тоа е моја работа". На тој начин, не само што се поздравува асимилацијата, туку и хомосексуалноста се редуцира на сексуализација. Така, од самиов дискурс, не произлегуваат други последици за ЛГБТ-лицата, а особено не за активистите. Очигледно, нивниот единствен проблем е тоа што тие сакаат да го споделат со општеството она што го прават во кревет. Третиот аргумент поврзан со ова, воведува загриженост дека можеби и постојат некакви проблеми кај ЛГБТ-лицата, но постои слеп и праведен судски систем на којшто не му е потребно посебно штимање кон овие проблеми – постојат, и секогаш ќе постојат, судови и закони од кои ЛГБТ-лицата ќе можат да побараат правна заштита. Така, активизмот се противи на таквата постојна правда, и, наводно, ние, геј-луѓето, „не сме толку глупави да бидеме дел од нечија агенда."

Целата аргументација во двата наведени примери не е само насочена кон делегитимизација на активистите, туку и, наизглед, го штити неодамнешното политичко статус кво,[110] кое е маскирано како универзално и непристрасно, поради слепост. Она што загрижува е дека делегитимизацијата на активизмот не е толку важна како што е важно нудењето на „здрав разум" за да се докаже дека живееме во праведно и нормално, толерантно општество.[111] Со оглед на тоа што активистите се прикажани како паразитска структура, се чини дека тие се појавуваат како елемент меѓу структурните недостатоци во законодавството и недостигот на освестеност меѓу граѓаните. Двата недостатоци се негирани. Ова негирање, чијшто зародиш се наоѓа во јавното мислење во Македонија, има потенцијално разорувачки ефекти.[112] Се чини дека „помалото зло" при делегитимирањето на активистите е тие да се доведат во врска со политичката корупција поврзана со опозицијата; дури и да се биде „алатка" на оваа опозиција, не се чини толку опасно како аргументот дека авторот го негира постоењето на насилство базирано на сексуалност.[113] Тој тоа го прави со посредство на аргументот за корупцијата, т.е. дека секое насилство е само продукт на фантазијата на активистите, која треба да произведе замислена конфликтна состојба за да се заштитат социјалните ентитети, кои не постојат. Сè со цел да се претставаат активистите како затворен и зол круг на профитери.

Во реалноста, целата стратегија на делегитимизација може да се сведе на партиско-политичко определување на прашањата поврзани со ЛГБТ-граѓаните во Македонија, припишано однадвор. Но, повисоката цел е да се делегитимизира политичката опозиција (и затоа „хомофобијата" што ја проповеда авторот изгледа благонаклонета од аспект на асимилационизмот). Сепак, на крајот, не можеме да ја издвоиме политичката од сексуалната ориентација: јасно е дека „имањето геј-пријатели" не значи и дека им мислиш добро, главно, затоа што, за авторот, заедничкото прикажување на хомосексуалноста и опозицијата се комплементарни и дискредитирачки (останува да се види дали авторот би бил подготвен да ги дискредитира своите „геј-пријатели" врз основа на тој аргумент, доколку тие не ја делат неговата политика).

Досега користев драматични зборови (како што се „опсесија" и "зајадливо"), од причина што и влијанието на еден таков аргумент е драматично: ова значи дека со изедначувањето на политичкиот активизам и политичката опозиција, на политичката и сексуалната ориентација, како целосно адаптирани едни на други, граѓанскиот активизам се претставува и делегитимира како неавтентичен и се *испревртува неговата социјално-политичка пракса во обратна смисла*. („Тие (ЛГБТ-лицата) не обрнуваат внимание на вас затоа што се мудри и затоа што сакате да ги

искористите за политички и лични материјални цели“). Размислувајќи *преку* Маркузе, може да се каже дека со такви аргументи, ослободителниот потенцијал на малцинствата се трансформира во репресивна контрола на рамноправните фундаментални слободи - дури и пред некои од нив да се претставаат како такви. Зајадливото, перверзното овде лежи во фактот дека тишината, невидливоста на ЛГБТ-лицата и темите поврзани со нив не се само резултат на хомофобија, туку тие повторно се воведуваат со цел и понатаму да ја одржат, притоа исфрлајќи ги активистите надвор од социјалната арена. Токму на овој начин таквата аргументација го прави во јавноста хомофобот поголем „геј-пријател“ отколку ЛГБТ-активистите. Конечно, ЛГБТ-активизмот е застарен и бесмислен, доколку општеството дозволува такво толкување. Но, она што е забележливо е дека вкупната анализа што ја изложив овде не ја објаснува „нормализираната хомофобија“ како што е онаа на Илковски и неговите желби. Всушност, стратегијата на делегитимирање не е едноставно негирање на активизмот како трет елемент што се испречува меѓу владејачката сила и народот, во совршениот свет на политичко претставување. Таа служи не само да ги делегитимира активистите и политичката опозиција, туку и да ги *деполитизира*.

Примерот со Илковски покажува колку е лесно тоа да се направи преку ресексуализација, но случајот што се обидов да го прикажам е многу покомплексен. Комплексен е и поради тоа што моќта на таквата ресексуализација посочува дека постои или постоел противпроцес на десексуализацијата, што е еден од најважните аспекти во работата на ЛГБТ-активистите.[114]

Да заклучиме, **прво**, случајот е парадигматичен, според тоа што посочува дека е невозможно да постои политика (официјален претставник) надвор од политиката; **второ**, а поврзано со првото, не постојат независни претставници на јавната и еманципациската политика, затоа што, она што го одредува ваквото размислување, е фактот дека сè се консумира и дефинира преку репрезентативната политичка рамка. Токму поради овие две причини, неопходниот ефект на делегитимизација на активизмот се изедначува со деполитизација, далеку пред да се воспостави успешна политизација / политика на сексуалноста. Противсилата на делегитимизацијата, преку нездрави аргументи на корумпираност и козависност (кои во случајот на Македонија не се подразбираат сами по себе, само поради постоењето на опозиција) единствено докажува дека



на полето на политизирањето на родот и сексуалноста може да се стори многу повеќе .[115]

Во позадината на ова се наоѓа скриен слој на народната идеја за рамноправност. Како и останатите земји во регионов, така и Македонија редовно се рекламира како толерантна. Оваа идеја за толеранција е историски одредена во делот што се однесува на етничките малцинства, а не и на сексуалните, иако, сепак, се употребува во поширок дискурс на толерантност (се користи и во општата реторика на сега повторно избраната неоконзервативна влада, и некритички од страна на НВО. На тој начин, рамноправноста се делегитимизира и преку затворена состојба на суштински седиментирана форма на толеранција).
Делегитимизацијата на рамноправноста преку толеранцијата во медиумите се реализира преку склоноста хомосексуалноста да се венча со европеизацијата. Фигурата на сексуалниот девијант пропагира супраполитичка незаконитост на ЕУ преку споредба со националниот отпадник, кој е поттикнат и финансиран од некои замислени иредентисти на меѓународното геј-шаренило во ЕУ. Вистинскиот предмет на исмејување, од неоконзервативна перспектива, е секако ЕУ, нејзините фондови, геј-парламентарците и лезбијките-парламентарки, и елегантните стручњаци од невладините организации како модел на увезената западна шема на блуд.[116] Искажано во јавноста, ова сценарио на заговор служи како симболично ублажување за општата публика и за општеството, чија деполитизирана состојба уште подолго се одржува поради знаењето дека некаква, барем морална, корупција е возможна во царството на мечтите на ЕУ-политиката. Со овозможувањето на таков олеснителен канал за пренасочениот социјален гнев, медиумите (овде „Вечер“) изгледаат херојски поради наводниот отпор против западниот неморал само затоа што лансираат „малцинска диктатура“, чиј резултат може да се сумира со следниов коментар
(од 2009 г.):

„Сите се грижат за хомосексуалците и нивните права, а никој не се грижи за моите и вашите права (ние и тие – оние што се со праволиниска сексуална ориентација). Јас, како и милиони како мене, се чувствувам обесправен со тоа што присилно живеам со вакви идиосинкрези.“ [117]

Додека едни жалат по изгубената хетеросексуална безбедност, вистинските ЛГБТ-граѓани и натаму остануваат во рамките на уништената претстава на делигитимизаторот. Небаре целиот реакционерен дискурс е вдахновен со контрареакција на нападот на нормализирање што е (а) *нелегитимно* испитан од окото на Западот и (б) *свесно* казнет поради тоа што е (мисли дека е) – толерантен, но е обвинет за нетрпеливост и за двојни стандарди создадени од хомосексуални активисти и од ЕУ. Оттука е и ниското ниво на заинтересираност за граѓанскиот активизам и недостигот на доверба во третиот сектор.[118] Толеранцијата, на големо сметана за нормална, не само како *етнички* квалитет на граѓанинот и како квалитет на македонштината, како да е заглавена меѓу своите корени, кои потекнуваат од Османлиското царство, и глетката на хетерогениот ЕУ-модел на толеранција, чија идеја за толерантност оди спротивно на „природната толерантност" на Македонците (Јасно е дека постои проблематично проширување на поимот „толеранција", а да не го споменуваме поимот „рамноправност"). Некаков трет начин, како што се интеграција, промени на менталитетот и правни промени, се негира. Оваа непријатна етничка толеранција му се спротиставува на своето граѓанско ремоделирање и на аргументите околу активизмот што се докажува со финансиската корупција и корпоративизмот.

## -Де/легитимација со „позитивен" знак?-

Во нејзиниот натпис „Власта убедува дека хомосексуалноста е болест",[119] Андријана Георгиев има присоберено цел склоп на аргументи соодветно спротиставени на делегитимизацијата на хомосексуалноста.[120] Уште на самиот почеток, авторот нагласува дека успешната стратегија во борбата за еднакви права подразбира *делегитимирање* на хомофобијата, како преобразена форма на (страв од) хомосексуалност и, оттаму, (институционализиран) страв.

Во секој случај, постои проблем при објаснувањето на хомофобијата и патологизирањето на хомосексуалноста со психоаналитички термини: понекогаш ова може да изгледа како реакционерен одговор[121] што нуди дискурс многу сличен на патологизирањето на сексуалните разлики. Ова само ја отсликува истата стратегија за делегитимирање на противникот преку воспоставување на медицински норми и вистини (односно, монопол на знаењето). Секако, клучната разлика



што треба да се оправда е дека „вистината е директно поврзана со постојните стандарди што ја исклучуваат хомосексуалноста како ментална болест - прифаќајќи социјализирани научни факти.[122] Свесна за ова, Георгиев не ја сведува нејзината аргументација на делегитимирачка стратегија само во поглед на оваа точка. Затоа, треба да забележиме дека самиот напис, во голема мера, го одразува авторскиот дискурс со тоа што ги разграничува медиумот-домаќин („Фокус") и останатите македонски медиуми. Оваа саморефлективност е значајна, бидејќи појаснува дека, во македонската јавност, веќе постои контрадискурс против хегемонската моќ на хомофобичната делегитимизација. Она што станува јасно во согласност со ваквиот еманципаторски дискурс е дека единствената причина што ја попречува македонската политичка волја да навлезе во рационална дебата за сексуалната ориентација е повтореното претставување на погрешни лични мислења како нормализирани.[123] Авторот открива дека во рамките на дискурсот на антидискриминација, сексуалната ориентација, а посебно машката хомосексуалност, се дискутира на начин кој ја рефлектира народната психологија, без разлика дали изедначувањето на политичката репрезентација и народното мислење дискриминира (можеби токму заради оваа хомологија).[124]

Во овој материјал постои, иако на многу поинаков начин, и изедначување меѓу политичкото повторено претставување и рамноправноста/борбата за активизам. Авторот стравува дека со дискутирањето за изнесените лични карактеристики и позадини на членовите на Комисијата за антидискриминација, ова тело ќе стане политички манипулирана алатка што, од своја страна, може да поттикне дискриминација. Сепак, дури и „антистереотипното" претставување, како што е ова, укажува на првичните стереотипи на „начин што го привлекува нашето внимание кон отсуството на „очекуваните" атрибути" (Gross 2002: 14), односно, преку негативно претчувство од страна на читателот.

Иако од различни причини, сомнежот во спојот меѓу политиката и активизмот (во вториот случај, активизмот имплицитно е присутен штом пријавувањето на случаи поврзани со неопфатената основа за дискриминација (сексуалната ориентација) би биле разгледувани од телото) покажува сличен страв со различни последици. Јасно е дека двајцата автори користат стратегија на

делегитимизација. Интересно е тоа што додека првиот автор го осудува активизмот, а вториот владејачката политичка структура, обајцата посегаат по реторика на хомологна манипулација: во првиот случај, базирана врз одредувањето на сличноста меѓу активистите, политичките противници и корупцијата; во вториот случај, базирана врз одредувањето на сличноста меѓу државната заштита (Комисијата), парламентарците и психоаналитичката патологизација. Основната разлика е тоа што Георгиев го претпоставува (прет)постоењето на социјални проблеми на ЛГБТ-лицата и се труди да ги докаже последователните препреки како услови за интеграција (барем во поглед на нестереотипна, немедицинска перцепција), додека Илковски целосно го негира постоењето на таквите проблеми, со поширока политичка цел, да постави старомодна политизација на сексуалните разлики, и тоа, со тенденција кон (хетеросексуална) асимилација. Но, втората и поважна разлика е тоа што, додека во првиот случај, севкупната аргументација е поставена против активизмот (а негацијата на социјалното значење на ЛГБТ-темите е чист нуспроизвод на специфичната аргументација), во вториот случај, отпорот против ставовите на владејачката партија е да се легитимира идејата за хомофобијата со делегитимирање на членовите на таа класа, сè со цел - еднакви права на ЛГБТ-лицата.

## 2. Обид за афирмативен дискурс во инфо-кругот

Во овој дел ја анализирам содржината на еден блог со геј-тематика, кој е политички активен и жесток, што ретко се случува во македонската јавност. Потоа, од една страна, да ги толкувам начините на кои авторите досега се обиделе да ги легитимираат сопствените ставови и, од друга страна, да ги делегитимираат ставовите на други.

Во овој дел е потребно објаснување на блогерството и другите нови медиуми како алтернативи на традиционалните медиуми. Како што веќе споменав, клучната разлика што го предодредува нашето разбирање на содржините на новите медиуми е тоа што нивниот дикурс се потпира на субјективно знаење. Ова, самото по себе, не е пречка за легитимноста на знаењето, напротив, значајно е тоа што постои препознавање на субјективноста. Иако повеќето корисници на блоговите и форумите го знаат ова, сепак, тие можат и да промовираат универзалност и темелна



валидност на сопствените аргументи.

Иако блогерите и оние што коментираат придонесуваат за значајна плурализација на медиумската дистрибуција на знаењето (со активности како што се хиперврска, преводи итн.), за мултимедиумска новинарска култура и за спротиставување на стереотипите во новите и старите медиуми[125] (со тоа што првите ја имаат моментната моќ буквално да агрегираат хипертекстуален сензационализам), мора да ја земеме предвид демографската изолација на читателската публика, која не ни дозволува да заклучиме дека, на пр., плурализмот или визибилноста се активни или ефективни. Додека блогерите имаат тенденција да ги надгледуваат или коментираат старите медиуми (како медиуми што почесто продуцираат стереотипи) и недостигот на свесност за социјална правда кај нив, не постои повратен процес кај читателската публика: читателите на старите медиуми не се потпираат на информациите во блоговите во толкава мера (а кога тоа го прават, го прават заради споредба и ретроспектива). Ова истовремено и ја зголемува визибилноста до степен на преиспитување, но квалитетот на нејзиното воспоставување останува. Доколку новите медиуми ја споменат плурализацијата, тоа е ефективно само за изолирана читателска публика што веќе ги поддржува изнесените ставови; оттаму, може да се заклучи дека ова не е ефективно ниту за зголемувањето на визибилноста ниту за спротиставувањето на стереотипите во *демографски поглед.* Самиот блогерски профил е изолиран: припадник на високата средна класа, жител на средно-голема урбана средина, високообразован (в. ги, на пр., аргументите на Нејкова 2009; исто така Lovink 2007). Блогерите, вообичаено, ја цитираат и ја критикуваат антигеј реториката со употреба на дискурсот на антимоќ, кој е често обележје на традиционалните медиуми, но од граѓанско и, често, аполитичко гледиште, во прво лице. Дури и кога блогерите се надгледувани и цитирани од страна на старите медиуми, и тоа во примери кога тие се авторитативни, ова е претежно во контекст на презентирање на она што „луѓето“ мислат и тоа, секако, во другите форми на новите медиуми). Нивото на стручност што е дел од легитимноста на блогерството лесно се урива, а уште полесно доколку дискурсот е „напишан во прво лице, од страна на граѓанин“. Ова има позитивни последици врз прилично непристрасните читатели, но проблемот е тоа што не постои никаков авторитет, ниту социјална тежина со оглед на тоа што, главно, не е забележана обратна читателска публика, сè дури векторите се со релативен

стил, и се одликуваат со слоевитост и демографска стабилност. Можеби единствениот позитивен ефект е тоа што блогерите креирале само маргинална, „содржински дискурзивна алтернатива“ (в. Дичев 2009). Накратко, видливоста на ЛГБТ-лицата во новите медиуми е непродуктивен феномен за Македонија. Темите поврзани со ЛГБТ-лицата се фрлени меѓу блогерската заедница и форумските корисници, исполнети со провокативни аргументативни кулиминации и дебати, па, единствено во овој поглед, може да се сметаат за плоден канал за промени на менталитетот.

Клучната помош што ја нудат новите медиуми е симболичкиот вид на видливост. Блогот што го разгледувам има активистички начин на мислење и може себеси, како медиум, да се преиспита и да ја преиспита сопствената условеност, нешто што треба да се преиспита секогаш кога се одвива комуникација, затоа што „нашите појави се, без исклучок, секогаш во контекст на одредена контроверза што се засновува на нашето право да го водиме животот на начин што хетеросексуалците го земаат здраво за готово“ (Gross 2002: 252). Со постепената медиумска пробојност, предизвикана од новите и, делумно, од традиционалните медиуми, преку прописи и професионални стандарди, кои се неизбежни за ЕУ интеграцијата, и со поставувањето на законски услови за заштита на малцинствата, интересот за ЛГБТ-лицата и видливоста на лобистите и активистите не се зголеми, иако резултатот од периодот на набљудување е понеутрален. Затоа мора да направиме разлика меѓу медиумски типови и вектори на информации. Таков флексибилен вектор на плурализација е блогерството.

Во текот на периодот на набљудување постоеја само два активни блога ориентирани кон ЛГБТ-теми. Едниот („Мистери“ (*Mystery*), http://mystery.blog.mk) е нов и личен дневник, кој експлицитно, од социјален аспект, не навлегува во теми поврзани со ЛГБТ-лицата, туку разгледува интрасоцијални проблеми и фрустрации. Затоа тој има неколку елементи што не нудат материјал за анализа. Вториот активен блог („Геј & д сити“ (*Gay & The City*), http://outboy.blog.mk) е дизајниран како медиум на заедницата за оставање коментари и служи како место за вести и платформа за ставовите на авторот и како место за тековните дебати во однос на сексуалната ориентација во Македонија, во регионот и пошироко.



Во рамките на блогот се споменуваат сите настани поврзани со ЛГТБ-лицата во текот на изминатиот период, заедно со бројни други теми кои не се присутни во конвенционалните медиуми. Во контекст на предизборниот период, блогот разгледува контроверзни теми, како што е врската меѓу владејачката партија ВРМО-ДПМНЕ и нејзиното хомосексуално изборно тело/функционери. Ова е значајна промена на вниманието, затоа што ја воведува хомосексуалноста во врска со, од неодамна, повторно избраната хомофобична влада. Во една од објавите[126] авторот создава профил на репресиран хомосексуален партиски член. Всушност, овој профил многу не се разликува од редовниот профил на затворените ЛГБТ-лица во општеството. Клучната разлика во сето ова, а можеби и лекцијата што се учи, е дека, заради кариерата и членството во партија, човек е решен да ја задуши и скрие сопствената сексуалност зад хетеросексуалниот живот и „да остане во плакарот“, главно, од политички причини, при што следната причина би била социјален притисок. Противречноста меѓу сексуалноста и партиската идеологија е клучна овде. Даден е следниот пример:

„И така, членовите, гласачите и симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ со хомосексуална ориентација, им веруваат на своите политички идоли и успешно ја кријат својата болест. Не сфаќаат како премиерот си дозволил да падне толку ниско, па се сретнал со министерот за надворешни работи на Германија, Гвидо Вестервеле, патем јавно деклариран хомосексуалец од Демохристијанската партија на Меркел, сестринската партија на ДПМНЕ.“

Блогот е особено интересен за набљудување, бидејќи нуди критика насочена кон различнии сфери од социјалниот живот. На пример, истакнати се повеќе противречности и недоразбирања што не се поврзани само со владејачката партија. А, што се однесува до владејачката партија, во блогот е забележан уште еден проблем поврзан со хомосексуалноста, а тоа се двојните стандарди во законодавството. Како што забележува авторот, исклучувањето на сексуалната ориентација како основа за дискриминација, од страна на Џелал Бајрами, беше објаснето како разумно, поради недоследност со македонското законодавство, наспроти присуството на сексуалната ориентација во законот за работни односи.[127] Понатаму, авторот ги критикува и владејачката партија и опозицијата и на тој начин поентира, пркосејќи му на тврдењето дека (ЛГБТ-)

активизмот и опозицијата се сосема идентични. Во дискурсот на блогот постои имплицирана комплементарност, а не опозиција меѓу двете партии.[128]

Во согласност со желбата да се пронајде политичка аналогија во сексуалната политика на авторот, блогот, во предизборниот период, на ЛГБТ-публиката и на останатите, се обидува да им ја претстави и програмата на Либерално-демократската партија. Во одреден период, блогерот ја презентира програмата на ЛДП и ветената надеж за промена (која е посредна со надежта за некакво, отколку за соодветно претставување) и апелира до ЛГБТ-граѓанството и другите поддржувачи, и, воопшто, до либералите во поширока смисла на зборот. Иако авторот не се идентификува со партијата (и не се споменува членство во неа), условот за политичко претставување на основа на сексуална еднаквост е доста нагласен. Апелот да се гласа за ЛДП се карактеризира со аргументот за „себичноста“ и со силните антивладини чувства.[129] Сепак, дури и овде се појавуваат суштински нерационални аргументи што, се чини, му се спротиставуваат на изјаснетиот политички менталитет. Објавениот текст што го цитирав завршува со политичко-теолошки извик „Нека Бог ни ја чува државата и слободниот македонски граѓанин во неа“. За разлика од ова, на неколку наврати, кај блогерот може да се сретне недоследност. На пр., во друг објавен текст од периодот на набљудување, тој цитира мислење од друг интернет-корисник на тема за истополов брак, каде што, се чини дека, се согласува со понудената атеолошка анализа.[130]

Спектарот на прикажаната политичка надеж и инвестиција завршува со текст посветен на чувството на изолација и политичката осаменост создадена по изборите и претворена во жестока критика кон ЛГБТ-лицата, која авторот точно ја вербализира, изјавувајќи дека тие немаат политичка зрелост да застанат за сопствените права. Ова е уште една критика од поинаков агол, целосно спротивна на онаа на Илковски и неговите истомисленици. Гледано од оваа перспектива, постои сексуално граѓанство[131] и дисидентство, но ЛГБТ-лицата го немаат побарано она што им припаѓа, односно еднакви права, туку се залагаат за сопствена делегитимизација. Во овој случај, гледаме зошто тезата на авторите како што се Илковски може да стекне легитимитет, делегитимирајќи ги ненормативните сексуални ориентации. Блогерот објаснува дека токму таквата граѓанска пасивност го овозможува делегитимирањето и систематското обраќање како на граѓани од втор ред:



„Затоа, драги мои, подгответе се да се соочите со последиците: уште четири години да бидете „болните“ во државата, да послужите како кондом за еднократна употреба кога некој десничарски политичар ќе сака со вас да си ги лечи комплексите.“[132]

## Дилемата за де/легитимација: компаративен заклучок

Очигледно е дека истакнатата споредба меѓу различните типови на дискурс, оној на Илковски, на Ѓеоргиев и на блогерот, водат кон разграничување на различни стратегии на информирање за де/легитимацијата на сексуалната ориентација. Она што е заедничко за нив е постоењето на политички сплет на околности и нивните сопствени *ставови* во него. Она што ги разграничува е нивната *опозиција* во рамките на тој сплет на околности. Така, додека Илковски и „Вечер“, на различни начини, му се спротиставуваат на дискурсот на еманципација, вториот анализиран дискурс не само што и' се спротиставува на структуралната хомологија предложена од Илковски, која и онака е многу популарна во Македонија, туку и на легитимирањето на хомофобијата, со која, пак, креаторите на јавното мислење, како што е Илковски, негираат дека имаат нешто заедничко. Се чини дека дури и на врвот на делигитимирачкиот социјален активизам, хомофобијата е потенцијално сфатена како нецивилизиран и непристоен начин на размислување (односно, иако, наводно, предмет на напад не се ЛГБТ-лицата, туку поборниците за нивните права, што е еднакво на корумпиран политички метеж). Но, јаболкото на раздорот, каде што овие дискурси не можат да се согласат во испробувањето на нивните стратегии, е прашањето на асимилација што го истакнав како дилема во поглед на разгледуваната де/легитимација:

Според Илковски, дури ни асимилационизмот не е потребен бидејќи социјалната нееднаквост на ЛГБТ-лицата е измислена активистичка стратегија за профитирање. Во однос на останатите дискурси на авторот, секое непризнавање на хомофобијата може да доведе до асимилационизам што води кон социјално исклучување. Односно, интеграцијата е возможна единствено доколку и' претходи признавањето на хомофобијата и на исклучувањето.

Инаку, промените ќе бидат ментално невозможни. Единствено преку признавање еднаквоста ќе биде возможна.

